# МЛАД БОРЕЦ

Год. XXX • Бр. 28 • 6-XI-1974



QUO VADIS КНИГО?

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# ТИТО ВО ДАНСКА

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКАТА ЈОСИП БРОЗ ТИТО со сопругата Јованка и членовите на југословенската делегација на покана на кралицата Маргарета Втора престојуваа во четиридневна официјална посета на Данска. Во придружба на претседателот Тито се наоѓаа претседателот на Сојузниот извршен совет Џемал Биедиќ, заменикот на сојузниот секретар за надворешни работи Лазар Мојсов и други членови на делегацијата.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО ВО ДАНСКА беше мошне срдечно пречекан во склад со високото реноме кое неговата личност го ужива во оваа земја. Нашиот Претседател во оваа земја е ценет како великан на Европа и современиот свет, чија перманентна политичка активност и улога во светските настани беше секогаш во прилог на мирот, прогресот и меѓународната соработка.

ЕДНА од најимпресивните посети на претседателот Тито за време на престојот во Данска беше онаа на Спомен-гробиштата и Музејот на движењето на отпорот На местото каде се пронајдени остатоците на 198 дански патриоти, стрелани од хитлеровските фашистички окупатори и каде е подигнат споменик, дело на вајарот Паулсен, „Мајка со убиениот син", претседателот Тито положи венец. За време на овој церемонијал почесна стража чуваа и ветераните — учесници на данското Движење на отпорот. Мошне впечатлива беше и посетата на музејот на данското Движење на отпорот каде претседателот Тито ја разгледа збирката документи, оружје и друг материјал, кој прегледно и прецизно го илустрира патриотизмот, херојството и успехот на данските борци против нацистичкиот окупатор од 1941 до 1945 година.



ОПШТ ВПЕЧАТОК беше дека резултатите од посетата на претседателот Тито на Данска ќе придонесат за нов полет на југословенско - данската соработка. Посетата го потврди и високото реноме што нашиот Претседател го ужива во оваа и другите нордиски земји. Почитувањето и вниманието кон на претседателот Тито му беше укажано овде на секој чекор, од првата средба со данскиот суверен Маргарета Втора до прошталната средба со данскиот премиер Хартлинг, се непосреден израз на признанието кон Тито за неговиот исклучителен придонес во градењето праведни и прогресивни меѓународни односи.

ГРАЃАНИТЕ НА КОПЕНХАГЕН му приредија особено топол и срдечен пречек на претседателот Тито исклучително ценејќи ја не само неговата сегашна политичка активност, туку и со почитување се сеќаваат на Титовата ослободителна улога во Втората светска војна. Во врска со тоа овде се потсетува на тоа дека данските борци на движењето на отпорот, инспирирани и одушевени од подвизите на Јосип Броз Тито и југословенската ослободителна борба на една своја воена акција и го дадоа името „Тито". Затоа нашиот Претседател овде беше примен не само како гост на данскиот кралски двор, туку и како осведочен пријател на данскиот народ.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ на СИВ Џемал Биједиќ, заменикот на сојузниот секретар за надворешни работи Лазар Мојсов, југословенскиот амбасадор во Данска Стана Томашевиќ — Арненсен и помошникот сојузен секретар за надворешна трговија Милица Жиберна водеа политички разговори со претставниците на данската влада на чело со премиерот Хартлинг.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО ја предводеше југословенската делегација на завршните разговори со премиерот Хартлинг и другите највисоки членови на данската влада.

НАЈДОБРА илустрација на успешната посета на Данска се зборовите на претседателот Тито искажани при враќањето во Белград:

„ВО РАЗГОВОРИТЕ што ги водевме во текот на оваа посета извршивме сестрана размена на мислења. Можам да кажам дека беше појавено големо интересирање за гледиштата на Југославија, како неврзана земја, на актуелните меѓународни проблеми и патиштата за нивното решавање. Констатиравме дека постојат слични или мошне блиски гледишта, пред се за основните прашања за мирот и демократската меѓународна соработка, како и за потребата за решавање на крупните проблеми во меѓународните економски односи. Посебно дојде до израз нашата заедничка заинтересираност за зацврстувањето на мирот и безбедноста во Европа..."

МЛАД БОРЕЦ

ВЕСНИК НА СОЈУЗОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКАТА МЛАДИНА НА МАКЕДОНИЈА

СО УКАЗ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СФРЈ ЈОСИП БРОЗ ТИТО ВЕСНИКОТ Е ОДЛИКУВАН СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

ИЗЛЕГУВА СЕКОЈА СРЕДА

Главен и одговорен уредник

РИСТО ЛАЗАРОВ

УРЕДУВА РЕДАКЦИСКИ КОЛЕГИУМ: Александар Димитров, Ефтим Клетников, Симе Лазаров (фоторепортер), Ѓорѓи Масинов, Љупчо Силјановски, Тале Сотировски и Димитар Хрнетов (заменик на главниот и одговорен уредник)

Графичко обликување:

АЦО МЛАДЕНОВСКИ

Секретар на Редакцијата

МИЛЕ МАРКОВСКИ

Редакциски служби:
Цане Атанасовски, Борис Лембоски, Каља Спирова

Годишна претплата 36,00 дин. Полугодишна — 18,00. За странство двоен износ

АДРЕСА: Редакција „Млад борец" ул. „Цветан Димов" б.б. барака 23 Скопје, Поштенски фах 547
Телефони: 61—044, 63—002
Чековна с—ка 40100—678—315, СОК Скопје

Печати „Нова Македонија" Скопје

ЦЕНА 1 ДИНАР



# НОТА

*ВО ИЗМИНАТИТЕ ДВЕ ДЕЦЕНИИ — од 19 мај 1955 година кога е потпишан Државниот договор за воспоставување на република Австрија — Југославија, како потписник на овој договор, во повеќе наврати укажуваше на непочитувањето и кршењето на договорните обврски на Австрија што се однесуваат на правата на словенечкото и хрватското население во соседна Австрија. Причини за тоа имаше повеќе. Неприфатливиот однос на австриските власти кон словенечкото и хрватското население во Корушка, Штаерска и Градишче, драстичното намалување на неговите права, се огледа меѓу другото и со законското укинување на двојазичната училишна настава. Сведоци сме, така, на апсурдната ситуација: словенечкиот, односно хрватскиот, значи својот мајчин јазик, децата во австриските училишта во веќе споменатите покраини, да го изучуваат само како предмет во училиштето, дури — како странски јазик! Последиците од кршењето на договорот во областа на школството недвосмислено говорат за намалувањето бројот на учениците од словенечката и хрватска нациоанлност кои во училиштата го учат својот мајчин јазик. И, не е само школството во прашање. Слична, да не кажеме и подрастична е и положбата со обврската словенечкиот или хрватскиот јазик, покрај германскиот, да биде дозволен како службен јазик. Во Корушка оваа одредба од договорот, практично, не се применува. Во Градишче состојбата е уште понеповолна. Шовинистичките и неонацистички сили со сила, грубо го спречија обидот во 1972 година, овие одредби барем летимично да се спроведат со воведувањето на топографските називи на местата во Корушка на словенечки јазик. Во свежо сеќавање ни е тогашното молчење на австриските органи на власта. Не се почитуваат и договорните обврски кои на словенечкото и хрватското национално малцинство во Австрија му гарантираат рамноправно учество во културниот живот, во судството . . .*

*Постојано одлагајќи го извршувањето на обврските од Државниот договор, австриската влада — уценува: потребно е пребројување на припадниците на нашите национални малцинства, пред да се пристапи кон примена на договорните обврски! За југословенските народи и народности, за југословенската влада, овој став е наполно неприфатлив. Државниот договор не предвидува никакви предуслови за негово применување. Никакво пребројување. И во овој контекст: познати ни се постапките на одредени кругови во Австрија, кои по пат на притисок и одолговлечување настојуваат вештачки да го намалат бројот на припадниците на нашите малцинства во Австрија. И разбирливо, после грчејќи ги рамениците, говорејќи за лажни капки во море, да ја намалат и димензијата на проблемот:*

*Во нотата што деновиве југословенската влада и ја упати на владата на Австрија се истакнува сестраната готовност на нашата земја за развој на односите со соседна Австрија. Оттука, со полно право бараме и очекуваме вистинско оживотворување на договорните обврски.*

# РАБОТЕН ДОГОВОР НА МЛАДИТЕ

**ВО ДОМОТ НА ЈНА ВО ТИТОГРАД беше одржан Деветтиот конгрес на Сојузот на социјалистичката младина на Црна Гора. Во присуство на поголем број делегати и гости, како и делегации на републичките и покраинските сојузи на социјалистичката младина уводен реферат поднесе Славко Шепиќ, претседател на Одборот за подготовка на Деветтиот конгрес на ССМ ЦГ.**

**На Конгресот беше избрано и ново републичко раководство на ССМ ЦГ. Републичката конференција има 73 члена, како и Претседателство кое брои 21 член, од кои 35 посто се непосредни производители. Секретаријатот има 7 членови.**

**За нов претседател на РК СММ ЦГ е избран Вукојица БОШКОВИЌ, а за секретар Слободан КАЛЕЗИЌ.**




## СЛАВКО ШЕПИК:

## ЗНАЧАЈНИ ОБВРСКИ НА МЛАДАТА ГЕНЕРАЦИЈА

**ОСМИОТ КОНГРЕС НА СОЈУЗОТ НА МЛАДИНАТА НА ЦРНА ГОРА** значеше напор во контекстот на решителната општествена ориентација на реформа во општествено-економските односи да се изнајде и дефинира вистинското место и улога на младата генерација. Младината на тој собир презеде обврска и одговорност за вклучување во тековите на општествената акција. Ориентацијата на демократизација на односите во самата младинска организација значеше консеквентен израз на решителниот курс на изградување демократски односи во општеството во целина.

Меѓутоа, мора да се каже дека усвоениот концепт на организирање во пракса не беше доследно спроведен. Пред се, собирањето на база на интерес честопати во прв план го истакнуваше поединечниот интерес на членовите во однос на општествените барања и потреби, а тие релации, секако, не мораат секогаш да бидат идентични. Повикот на непосредна иницијатива на членството доби во некои средини за епилог стихијно утврдување на програмите и водење на акциите.

Постојат две причини за стагнација на младинските акции а според тоа и на општествената улога и позиција на младината. Првата причина е во запоставувањето на идејно-политичката работа на марксистичкото образование на младите, а втората во нерамномерниот однос спрема местото, улогата и влијанието на работничката младина во младинските организации. Во однос спрема работничката младина, нејзините проблеми, потреби, нејзиното поголемо влијание и присуство во младинската активност најочито се манифестираше либерализам и опортунизам на младинските раководства. Така, според концептот на реорганизацијата, усвоен на Осмиот конгрес првобитно замислениот најширок со-

јуз на младите се повеќе стануваше сојуз на тесни и немоќни младински раководства. Се разбира, во таквите услови форумската работа стануваше се повеќе карактеристика на младинските организации.

Нема сомневање дека сите слабости во работата на младинските организации не се спецификум и патент на самата младина, туку се одраз на цел сплет околности вкупната општествена и политичка ситуција во изминатиот период. Но, секој старт кој во прв план не би поставил одговорност на самите младински организации, нејзиното членство не би бил исправен и прифатлив, бидејќи не би понудил ни смер на акции за надминување на таквата состојба. Погрешно е сфаќањето според кое во младината и младинските организации е се добро, па треба само да се решат проблемите во општеството, да се зајакне улогата на Сојузот на комунистите и младината добро ќе работи.

Погрешно е, исто така, сфаќањето дека само постарите имаат монопол на слабости, бидејќи тоа пред се не е точно, ниту пак било кога било така, ниту пак денес е така. Дел од младата генерација беше заплискуван од националистичката идеологија, а либерализмот, технократизмот и бирократизмот исто така најдоа извесни поборници меѓу младите. Не смееме да ги затвараме очите ниту пред фактот дека и денес во редовите на младите, родени по 1948 година, тука и таму ќе се најде по некој приврзаник и следбеник на Инфорбирото. Елементарните предуслови на генерацијата за такво сфаќање се небудноста и неинформираноста. Затоа младата генерација мораме да ја оспособиме за ефикасна борба против сите тенденции спротивни на политиката и идеологијата на СКЈ...

Главниот правец на организираната политичка акција на Сојузот на социјалистичката младина на Црна Гора е борбата за оживотворувањето на Уставот. Тој наш најзначаен документ им отвори врата на младите самоуправно да одлучуваат во општеството. Дали младите луѓе ќе поминат низ таа врата зависи во многу од активноста на младинската организација. Поради поранешната неорганизираност се случуваше таа „да не се сфати сериозно". Непосредно пред Третата конференција на СКЈ, на пример, само 10% од младите беа застапени во собранијата на општините, а во Собранието на СР Црна Гора немаше ниту еден младински претставник. Состојбата се измени и дури сега треба да се менува. Шанса та е во Уставот и работата.

Потребите за стручни кадри во Црна Гора и денес, во оваа фаза на развојот, се изразито големи, но и покрај тоа голем број млади стручни кадри долго чекаат на работа или за минуваат во странство. Поради тоа ССММ на Црна Гора мора да му посвети далеку поголемо внимание отколку досега на изнаоѓањето можности за надминување на кризата на невработеноста. Паралелно со тоа младинската организација мора да и посвети повеќе внимание на селската младина и да изнајде начини како да влијае на „препородот" на црногорското село.



**ВЕСЕЛИН ЃУРАНОВИЌ:**

# ТВОРЕЧКО И РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДЕЈСТВУВАЊЕ

*БОРБАТА за оживотврување на новиот Устав и доследната и творечка примена на политичко — идејната платформа на Десеттиот конгрес на СКЈ е голем предизвик на денешната млада генерација за творечко и револуционерно дејствување.*

*Во оваа борба Сојуот на социјалистичката младина има сосема конкретни задачи и обврски. Пред се, свој однос спрема развојот на социјалистичкото самоуправување Сојузот на социјалистичката младина треба да постави и изразува не воопштено, програмски и декларативно, туку во вид на конкретна акција...*

*Кога најконкретно би можеле да ги дефинираме задачите на Сојузот на социјалистичката младина во борбата за материјален и културен развиток, тогаш без сомнение тоа е борбата за подобар успех на сите нивоа на образованието, зголемен напор за побрзо завршување на студиите, упорна борба за подигање продуктивноста на трудот на секое работно место и за рационализација на производството и работата воопшто, поефикасна акција за отварање врата на сите организации на здружен труд за младите стручни кадри, развивање свеста на младината за поголема територијална подвижност на новите стручни кадри, што е во условите на потреба за стручни кадри од една страна и невработеноста на младите од друга страна многу важно прашање. Очигледно е дека задачите на младината во борбата за општествено — економски и културен развој на нашата Република се многу крупни и дека нивното успешно извршување е еден од битните услови за премостување на јазот кој не дели од развиените републики и земји, односно за побрзо решавање на сега отворените проблеми на вработувањето, образованието и животниот стандард.*

*Податокот дека помеѓу Осмиот и Деветтиот конгрес на Сојузот на младината на Црна Гора се примени 12.280 нови членови, од кои 82 посто од редовите на младината, најречито говори за активното учество на младината на оваа Република во досегашниот општествен развој.*

*Творечките сили на младината во борбата за самоуправно социјалистичко општество се големи и длабоко сме уверени дека Сојузот на социјалистичката младина на Црна Гора, остварувајќи го единството на работничката, селската, средношколската и студентската младина, на програмските цели и идејно — политичките определувања на СК ќе остварат нови големи успеси во својата работа и борба и ќе застанат раме до раме со генерациите младина за кои другарот Тито рече дека „народ кој има таква младина поспокојно гледа на својата иднина".*

# ЦЕЛОСНА АФИРМАЦИЈА НА МЛАДАТА ГЕНЕРАЦИЈА

**ВО САЛАТА НА ДОМОТ НА СИНДИКАТИТЕ ВО БЕЛГРАД се одржа Осмиот конгрес на сојузот на социјалистичката младина на Србија. На конгресот присуствуваа 524 делегати и гости, како и делегации на републичките сојузи на социјалистичката младина и на покраината Косово и Војводина. На Конгресот присуствуваа и Петар Стамболиќ, Стеван Дороњски, Фадиљ Хоџа, Мирко Поповиќ, Добривое Видиќ, Али Шукрија, др Тихомир Влашкалиќ, Драгослав Марковиќ, Живан Васиљевиќ и други општествено-политички работници од оваа Република. Работата на конгресот ја следеше и Азем Власи, претседател на Одборот за подготовка на Деветтиот конгрес на ССМЈ.**

**Уводен реферат „Сојузот на социјалистичката младина на Србија во борбата за активно учество на младата генерација во развојот на самоуправното социјалистичко општество" поднесе Светозар Мијаиловиќ, претседател на ССМС.**

**Од името на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Србија конгресот го поздрави Горѓе Лазиќ, секретар на Извршниот комитет на ЦК СКС.**

**Конгресот работеше во четири комисии: Комисија за општествена активност и општонародна одбрана, Комисија за идеолошко-политичка работа, образование, наука и култура, Комисија за општествено-економски односи, самоуправување и социјална политика и Комисија за организационо-политички развој, кадровска политика и статутарни прашања.**

## СВЕТОЗАР МИЈАИЛОВИЌ:

## САМОУПРАВУВАЊЕТО, ЕДИНСТВЕНА АЛТЕРНАТИВА

**СОЗДАВАКИ** го Сојузот на социјалистичката младина на Србија, единствен фронт на сите млади, социјалистички определени луѓе, и организирани облици на нивната активност денешната млада генерација ја потврдува својата решеност да ги чува и развива придобивките на нашата социјалистичка револуција, да го јак не братството и единството на нашите народи и народности, да гради самоуправна социјалистичка неврзана Југославија, цврсто да стои на браникот на нејзината слобода и независност и на тој начин на дело да го остварува Уставот, Програмата и политиката на СКЈ, да го следи револуционерниот пат на другарот Тито.

Борејќи се за таква активност на младите луѓе која ќе обезбеди нејзина целосна ангажираност на овие задачи, Третата конференција на СКЈ раскина со дотогашните гледања дека социјалистичко воспитување се



постигнува со автоматизам на присуство во една таква борба и ги истакна големите обврски на комунистите и сите организирани социјалистички сили во воспитувањето и социјалистичкото усмерување на младите.

Залагањето за зголемен општ општествен ангажман за натамошно, но потемелно социјалистичко воспитување на младите, произлегува од негативните искуства и праксата на периодот пред Писмото, кога во организираната работа со младината, во колку воопшто ја имаше, владееја тезите дека борбата за социјалистичка свест на младите надмината, дека младината ќе се самовоспитува, бидејќи е безусловно револуционерна итн. Тоа доведуваше до идејно-политички и акционен неутрализам, а не ретко и до лажен авангардизам и радикализам. На тоа му одеше од рака стрnear на либералистичката стихија во СК и јакнењето на технократските отпори во општеството.

Одговорноста на СК и другите општествени и политички организации за состојбата во организациите на младите слабееше, а решавањето на најзначајните проблеми на општествената положба на младите воглавно се завршуваше со вербални обиди. Во младинските организации започна да царува форумската работа, а последиците беа очигледни: се поголем број млади луѓе, посебно млади работници, го губеше интересирањето за организацијата во која вербал-



но се осудуваа негативните појави во општеството, а недостасуваше широка демократска акција на членството.

Придонесувајќи за акцијата на Сојузот на комунистите и сите организирани социјалистички сили на измена на таквата состојба, младината на СР Србија се учеше на методот на револуционерната акција, се оспособуваше за поуспешно извршување на својот дел од работата во фронтот на социјалистичките сили. За таа цел критички е преиспитана праксата и водена е акција за отстранување на слабостите. За оваа акција мошне придонесоа критичките зборови на другарот Тито во рефератот на Десеттиот конгрес упатени до младината и нејзините организации, во подготоваките за младинските конгреси, преку јавна расправа за документите, да се направи поголем напор во правец на потемелна преобразба на младинските организации на линијата на Резолуцијата на Третата конференција на СКЈ.

Во овој период расчистени се многу дилеми околу идното политичко организирање на младите, а се повеќе победува сфаќањето дека младинските организации се составен дел на фронтот на организираните социјалистички сили собрани во Социјалистичкиот сојуз, со СК на чело. Засилено е идејното и акционо единство на младата генерација, се надминуваат разликите и вештачките бариери помеѓу поедините делови на младината, посебно помеѓу работничката и интелектуалната, расте влијанието на работничката младина, засилено е ангажирањето на комунистите во младинските организации, акциите на младите се во тесна врска со непосредните и долгорочни интереси на работничката класа... Меѓутоа, иако се постигнати значајни резултати, уште не е се сторено ниту пак сите слабости се совладани, па заради тоа погрешно е да се рече дека со самиот чин на конституирањето на новата организација ќе се надминат деформациите и проблемите...

Улогата на младите во изминатиот период на планот на подобрувањето на материјалната база на општеството и развојот на општествено-економските односи е видлива. Уште, меѓутоа, е присутно сваќањето дека единствено вработената младина со своето непосредно ангажирање во работата придонесува за економскиот развој. И покрај тоа што во работните организации на здружен труд и во самоуправно здруженото стопанство се води решителна битка да се совладаат тешкотиите на економскиот и општествениот развој, погрешно би било да се потценува значајниот удел кое во тоа го има таканареченото вонстопанство. Младите луѓе, насекаде каде живеат и работат, во стопанската организација, училиштето, факултетот, во селото, со широка и масовна акција за попродуктивен труд и економски порационално однесување на сите субјекти на економскиот и општествениот развој, на најдобар начин придонесуваат целите на краткорочниот и долгорочниот развој на земјата побрзо и поефикасно да се остваруваат. Борбата во сопствените редови против неработата и неработниците, кои обично се најгрлести во барањата, борбата против нерационалната организација на работата, против сваќањата и појавите на обезвредување на трудот — мора да стане основна акциона девиза на социјалистичката младина.

## ЃОРЃЕ ЛАЗИЌ:

# МЛАДИНАТА Е ОГРОМНА СИЛА

**ВО НАШЕТО ОПШТЕСТВО** нема проблеми кои се само младински, како што нема проблеми кои не се и младински. Борејќи се за социјалистичко самоуправување и за програмата на Сојузот на комунистите младите се борат за своја, нова општествено-економска положба, низ општа, општествена акција ги решаваат и своите проблеми.

Сојузот на комунистите и сите останали социјалистички сили во нашето општество мораат да се ангажираат за општествено изразување на потенцијалот на младите, на неговото усмерување, за тоа можностите на младите да станат составен дел и ослонец на нашата вкупна општествена акција. Приемот на младите во Сојузот на комунистите и нивното ангажирање во неговите акции е еден од најзначајните облици на јакнење на Сојузот на комунистите.

Во Сојузот на комунистите на Србија секој четврти член е младинец. Сојузот на комунистите мора преку младите членови на Сојузот на комунистите уште поинтензивно и уште поинтензивно и уште пошироко да ја ангажира младината на секојдневните задачи кои значат континуирано спроведување на политиката на СК во дело. Речиси и нема област каде младината не може да се ангажира. Јасните конгресни задачи и даваат шанса на младата генерација да се афирмира во сите области на творештвото — од стопанисување и образование до култура и спорт.

Мораме да бидеме свесни за тоа дека денес, во младите, нивното определување, бројот и творечките можности самоуправувањето и Сојузот на комунистите имаат огромна потенцијална сила. За тие сили, досега, секогаш не бевме во целост свесни ниту пак во потполност ги користевме.

Создавањето на единствениот Сојуз на социјалистичката младина на Југославија ќе даде огромен придонес за организирано усмерување и настап на младината во политичкиот живот. Иницијативите на Третата конференција на СКЈ поаѓаа од суштинските потреби за создавање на Сојуз на социјалистичката младина. Тоа е најмалку организационо прашање. Се работи за едно од најзначајните идејно-политички прашања, за прашањето за единство на младите, единство во нивните идејни и политички определувања, во нивните цели и идеали, единство во решителноста и одговорноста да ја продолжи нашата револуција и курсот на наши от социјалистички самоуправен развој.

МЕСЕЦ, ВО МЕСЕЦОТ — ПРАШАЊЕ:

# QUO VADIS КНИГО?

ЕВЕ НЕ УШТЕ ЕДНАШ „официјално" во месецот на книгата (15 октомври до 15 ноември) и еве уште еден повод да се нурне во лавиринтот на тој проблем што се вика книга. Да се потсетиме кога сме кај тоа дека пред два дена во Белград заврши уште една манифестација на таа тема — деветнаесетиот меѓународен саем на книгата кој по својот опсег на некој начин беше спектакуларен (околу 40.000 наслови во преку 100.000 примероци од 130 домашни и 50 странски издавачи).



*Пред книжарските витрини: дали цената ја прави книгата „забранета овошка"?*

## КРИЗА

Дали, и во колкав дел, е загрозена книгата? Дали гутенберговата галаксија, како што вели еден од масштаб ните скептици на тој план — Маклаун, е на заоѓање. Дали?... Дали?... Илјада прашања и уште повеќе варијанти и варијации што се нудат за одговор.

Меѓутоа, дека книгата кај нас е во незавидна положба помалку или повеќе на секого му е јасно. Таквите согледувања и констатации беа еднодушни и на советувањето на југословенските издавачи што се одржа во Порторож од 18 до 20 септември годинава. Познатиот словенечки писател и издавач Иван Братко, тука, со два податока, многу илустративно укажа на една алармна состојба; 1960 година во Југославија биле печатени 5.355 книги, а минатата година се издадени 10.110, што значи дека според бројот на насловите го заземаме нивото на средно развиените земји. Меѓутоа, наведената слика неминовно се менува ако се фрли поглед на тиражот кој е во опаѓање; 1969 година се објавени 63.868.000 книги а 1973 г. 52.768.000. Своевиден парадокс чие објаснување е сепак „едноставно": издавачите поучени од не баш пријатното искуство произлезено од пазарот на книгата се одлучуваат, главно, на помал тираж.

## ДИСОНАНТНА СИТУАЦИЈА

Што придонесува да биде толку незавидна положбата на книгата во Југославија, и како што веќе нагласивме, посебно кај нас во републиката. Некои податоци на егзактен начин го потврдуваат тоа; бидејќи по продадена книга на жител редоследот е вака: Хрватска (5,89), потоа Словенија (4,51), Босна и Херцеговина (3,70), Србија (2,49), па Македонија (1,47) и Црна Гора (0,68). Македонија значи на оваа компаративна скала го зазема претпоследното место во Југославија, — зад неа е само Црна Гора.

Не може да се рече дека од појавата на првата книга во слободна Македонија па до денес за време од три децении не е постигнат успех. Напротив, тој е импозантен на своевиден начин и е одраз на непречен културен континутитет на развиток. Прво: македонската литература покажа завиден растеж во сопственото, матичното јадро, — и второ: многу светски класични дела најдоа свој тон и нијанса во сферата на македонското јазично подрачје.

Сепак таквите успеси не треба да ги сфатиме како врвен дострел и а приори да одгледуваме илузии. Празнини и тука и има, но тие со тек на време секако ќе се надоместуваат. За одбележување во тој смер е амбициозната програма што ја изготви минатата година Републичкиот фонд за унапредување на издавачката дејност кај нас, а која опфаќа во себе 100 дела од светската класика, 50 дела од југословенски автори и 50 дела од литературата за деца.

Но да се вратиме на она проблемското: зошто книгата и покрај извесниот нејзин напредок не го нашла својот најширок пат до читателот, задржувајќи се најчесто во магацините, или во прашливите витрини на книжарниците, како реквизит, како мртва природа. Дали проблемот е во тоа што немаме создадено култивиран читател, односно што го немаше перманентно култивирано читателот? — прашање кое бара поопстојна и полифорнична анализа. Но пред да се дојде до ова централно, се наметнуваат други, навидум „поелементарни" прашања. Едно од нив секако е прашањето за цената на книгата, а таа секој ќе се сложи е извонредно висока. Да појдеме првин од ученичките комплети (учебниците) кои што за различни степени и видови на училишта се движат од 32.000 до 65.000 стари динари. И кај белетристичките изданија ситуацијата не е поведра. Само неколку примери: Собраните дела на Цененков што ги издаде „Македонска книга" од Скопје чинат 50.000 стари динари. Со истата цена може да се „пофали" и „Македонската книжевност во книжевна критика" на „Мисла" и ред други повеќетомни изданија. Или да го земеме „Војна и мир" кој се појави на македонски за цена од 28.000 стари динари. „Секоја чест за уметничките достоинства на овој роман, но Толстој нека ми прости што нема да го купам", — ќе речат, со ретки исклучоци, оние што ќе поминат покрај книжарските витрини во кои е изложен овој четиритомен роман.

Не е потребно да се набројуваат уште примери бидејќи наведените се доволни за да ја заокружат оваа дисонантна слика што произлегува од расчекорот помеѓу цената на книгата и желбата на читателот да „поседува“ книга. Ваквата дисонанца се како, мора да се сложиме, не оди во прилог ниту на книгата, ниту на читателот.

■ **НЕ ИНЕРТНО, ТУКУ АКТИВНО**

Но и покрај сè, ние сме свикнале повеќе инертно отколку активно да размислуваме и да се ангажираме околу проблемот на книгата и на нејзиното најшироко пробивање до читателот. Ние, по инерција, повеќе сме склони да навраќаме кон нејзината „кратка **пролет**“ (месец на книгата, саем на книгата и т. н.) отколку кон нејзините мачни **зими** во кои таа се труди да преживее. Затоа и сега не треба да го растегнуваме овој проблем во патетични тиради и шеми; да ги оставиме настрана, за да се свртиме кон конкретни истражувачки можности и активно ангажирање за негово решавање. Да не се остане само на манифестантен чин кој опфаќа во себе педантно испланирана шема за поетско-музички вечери, изложба на изданија, писмени состави, симболично намалување на цените, вообичаено наградување на најдобра библиотека и сл.

Стереотипиката од таков вид повеќе е инертна одколку ударна и како таква треба да се разбие, да се изнајдат инвентивни решенија. Потребни се, пред сè друго, континуирани и поосмислени акции кои што ќе ја доведат книгата пред очите на секој потенцијален читател. Зашто, денес обично се помпезни и претерани констатациите дека книгата е загрозена од мас-медиумите, најмногу од телевизијата. Не треба да се „вадиме“ на тоа, зашто пишаниот збор од секогаш бил и ќе оста не најкарактеристичен знак што го озрачува човековиот интелект.

Треба да се направи обид да се издава што е можно поефтина книга; зашто, конечно, никому не му се потребни супер-луксузни корици туку вредни содржини. Ние уште го немаме, барем во доволна мерка, искуството со т. н. џепна книга. Треба потоа, што е особено важно, добро да се организира и среди библиотечната мрежа. Кај нас се уште речиси само симболично може да зборуваме за поимот селска библиотека. За илустрација еден податок којшто не е најнов но не е многу ни стар; во периодот од 1945 до 1970 година во републиката се отворени 76 селски библиотеки со вкупно 164.000 евидентирани книги и 118.411 читатели. Таквата слика на прв поглед може да изгледа и солидна, но ако се подвргне под лупата на покритичка анализа ќе произлезе дека истата не задоволува. Во републиката постојат 30 општини што опфаќаат 1749 села. Отука произлегува дека една библиотека доаѓа просечно на 23 села. Посебно прашање, пак, е со каков и колкав фонд на книги располагаат тие библиотеки. За четири години таквата ситуација најверојатно дека се изменила во позитивна смисла, но сигурно не толку фрапантно за да можат мирно да се одгледуваат илузии. Да се надеваме дека Културната акција на село што е во тек ќе донесе позитивен поен на тој план.

Друг проблем што бара итно решавање е да и се направи простор книгата повеќе да продре до работникот, истата да стане иманентна суштина на неговото културно живеење. Конгресните резолуции создадоа најповолна почва за тоа. Но малку се оние работни организации кои што располагаат со добри сопствени библиотеки во коишто ќе има, покрај стручната, и доволно марксистичка и балетристичка литература. Без илузии токму на оваа подрачје ќе мора многу осмислено и организирано да и се отвори пат на книгата.

Бидејќи книгата е ДОБРО за сите ,а не само за „одбран“ круг, за елита.

**Ефтим КЛЕТНИКОВ**

# 30 ГОДИНИ НА »НОВА МАКЕДОНИЈА«



ОД СВЕЧЕНИОТ СОБИР НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“

*НА 29-ти ОКТОМВРИ, денот кога во титовелешкото село Горно Врановци излезе првиот број на весникот „Нова Македонија“ со пригодни свечености беше прославата 30-годишнината на првиот македонски дневен весник. Овој значаен јубилеј на работните луѓе и раководителите на „Нова Македонија“ им го честитаа другарите Лазар Колишевски, Видое Смилевски, Ангел Чемерски, Благоја Талевски, Благој Попов, Бошко Станковски, Филип Брајковски, Благоја Станоевски, Боро Денков, Милка Такева — Григориевиќ, Васко Карангеловски и други.*

*По повод 30-годишнината се одржа и свечена седница на Собирот на работните луѓе на „Нова Македонија на која за постојниот растеж на весникот говореше главниот и одговорен уредник Илија Зафировски. На седницата им беа врачени рачни часовници на седумдесетмина работници на „Нова Македонија“ кои во колективот поминале од 20 години.*

*Во рамките на прославата се одржа и свечен собир на младите од „Нова Македонија“. Меѓудругото, на собирот беше донесена одлука во Горно Врановци, во непосредна близина на куќата во која што е печатен првиот број на „Нова Македонија“ младите од „Нова Македонија“ да засадат 30 борови дрвца.*

ИСТРАЖУВАЊА

**Марксистичкото и идеолошко-политичко изградување и воспитување во средните училишта**

# ЗНАЕЊА ШТО НЕ ЗАДОВОЛУВААТ

МАРКСИСТИЧКО идејно и општествено-политичко изградување на средношколците, како континуиран процес што се надоврзува на основното образование и воспитување, се одликува со посебна специфичност и значење, кои произлегуваат од хронолошките (а со нив и ментални) карактеристики и потреби на учениците, така и од програмските особености и можности.

Со средното образование, како што е познато, опфатени се младите луѓе во она време од нивниот интелектуален, морален и општ развој кога личноста се наоѓа во најинтензивната и најдинамичната фаза од своето формирање. Тоа е време, во извесна смисла, кога се заокружува формирањето на личноста на младиот човек, кога кај него се оформуваат идеалите и погледите на светот и животот, а и кога интересот за општествено-политичките збиднувања станува сè позабележителен. Тие настани, а особено прашањата сврзани со разните општествени противречности и негативни појави, не само што го свртуваат вниманието на младите, туку не ретко кај нив предизвикуваат дури и внатрешни доживувања и рефлексии, често пати, отворено и силно се манифестираат. Поради сето ова, од една страна, и поради можноста од лутање и скршнување од сложените и суптилни општествени појави и односи, како и поради самата потреба за барање сопствено место и улога во општествениот живот, неопходно е на младите луѓе во оваа фаза да им се даде вистинската помош, да им се организира поадекватно идејно и општествено-политичко изградување и насочување.

Каква е сегашната положба во поглед на реализацијата на ваквата улога и функција на средните училишта во Републиката? Колку овие воспитно-образовни институции ја реализираат ваквата сложена и актуелна задача? Кои се слабостите во оваа област? — сето тоа се прашања што треба да ги актуелизираме, прашања на кои треба да се добие конкретен одговор.

### ■ АНКЕТА

Одговорот на овие прашања до некаде ќе може да се открие во сета своја конкретност преку непосредното согледување на положбата во средните училишта, резултатите и ефектите што тие ги покажуваат во рамките на идејното и општествшено-политичко формирање и изградување на средношколците, согледување до кое е дојдено по минатогодишната анкета, по испитувањето што го вршеше Републичкиот завод за унапредување на школството кон крајот на минатата учебна година, а со кое беа опфатени учениците од завршните класови.

Оваа анкета, меѓу другото, требаше да даде една слика на ученичките знаења во поглед на марксистичкото толкување на светот, да ги согледа мислењата и уверувањата на учениците за социјалистичкото општество како такво, да утврди колку ги следат (и какви се по тоа прашање нивните погледи и ставови) општествено-политичките настани во земјата и светот, каков е нивниот однос спрема религијата итн.

Дел од прашањата на кои одговараа четвртокласниците гласеа: Кој ги открил научните закони за развитокот на општеството? Која е суштината на дијалектичкиот материјализам? Што е тоа општествена надградба?, Која е основната причина за преминување на општеството од капиталистичко во социјалистичко?, Која е основната карактеристика на социјалистичкото општество?, Што е тоа социјалистичка демократија?, Која е основната причина за одумирање на државата?

### ■ КОНСТАТАЦИИ

Анализирајќи ги одговорите што на овие прашања ги дадоа четвртокласниците, би можело да се констатира дека, главно, на средношколците им е познато кој ги открил научните закони за развитокот на општеството. Имено, на соодветното прашање 78,39 отсто од анкетираните дале сосема правилен одговор, додека само 20,59 отсто не дале таков одговор. Ако сакаме да ја разгледаме состојбата поконкретно кај учениците од стручните училишта и кај гимназистите произлегува дека таа е нешто подобра кај гимназистите, зашто само 15,84 од анкетираните гимназисти не дале точен одговор.

На младите луѓе кои го завршуваат средното образование, исто така, им се познати причините за преминувањето на општеството од капиталистичко во социјалистичко, а познати им се и основните белези на новото социјалистичко општество. Најголемиот процент од анкетираните 81,44 отсто (79,28 во стручни, 83,60 во гимназии) правилно одговараат дека основната причина за општествената трансформација претставува „нерамноправната економска положба меѓу работничката и капиталистичката класа и нивната меѓусебна борба". Нешто послаби се одговорите на прашањето за основната карактеристика на социјалистичкото општество, при што просекот на позитивните одговори изнесува 73,74 отсто (стручни 66,07, гимназии 81,42 отсто).

Ваквите одговори, особено на анкетираните во средните стручни училишта, секако не смеат да се прифатат како задоволителни. Социјалистичкото општество претставува наша животна стварност и перспектива, па според тоа, на секој млад човек, на секој завршен средношколец, би требало да му е сосема јасна суштинската разлика помеѓу социјалистичкото и капиталистичкото општество.

### ■ НЕ(ЗНАЕЊА)

Меѓутоа, од одговорите што анкетираните ги дадоа на некои од прашањата сосема слободно може да се констатира дека некои знаења во поглед на марксистичкото толкување на светот, односно општеството, се — незадоволителни. Така на пример, на прашањето „Која е суштината на дијалектичкиот материјализам"? само 31,39 отсто дале правилен одговор, додека останатите затаиле. Овој процент кај гимназистите изнесува 51,36 отсто, додека кај останатите средношколци процентот е загрижувачки — 11,42 отсто.

За одбележување е фактот што во три стручни училишта во Скопје НИТУ ЕДЕН од анкетираните ученици не дал точен одговор, односно не му било јасно во што се состои суштината на дијалектичкиот материјализам. Иако во споредба со стручните училишта, гимназистите дале петпати поголем процент точни одговори на споменатото прашање, сепак, положбата на овој план и кај нив не би можела да се окарактери-



зира како задоволувачка. Појдувајќи од карактерот, од целите и задачите на гимназијата како второстепено училиште и имајќи го предвид тоа дека преку некои наставни предмети учениците непосредно би можеле да се запознаваат со ваквите и слични прашања, заслужува да се нарече парадоксен податокот што скоро половината четворокласници (48,63 отсто) не се во состојба правилно да го објаснат ова значајно и фундаментално прашање.

На прашањето „Што е тоа општествена надградба"? дадени се дури и најмал број позитивни одговори. На ова прашање добиени се само 12,14 отсто точни одговори од анкетираните ученици во стручните училишта, односно 26,22 отсто правилен одговор од страна на гимназистите. Или, во просек општествената надградба правилно ја објасниле 19,18 отсто од вкупно анкетираните. Во некои средни стручни училишта, техничко и медицинско, и на ова прашање не е даден ниту еден точен одговор.

Не задоволуваат ни одговорите што анкетираните средношколци ги дадоа на прашањата „Што е тоа социјалистичка демократија" и на „Која е причината за одумирање на државата во социјалистичкото општество". Позитивен одговор на првото прашање дале 47,21 отсто (гимназисти 61,20 отсто, стручни 33,21 отсто), а на второто правилно одговориле 30,94 отсто (41,53 отсто гимназисти, 20,35 отсто ученици во стручните училишта).

## ■ (НЕ)ИНФОРМИРАНОСТ

Ако се направи осврт врз одговорите што на спомenатите 7 прашања ги дадоа учениците, со мали исклучоци може да се констатира дека се неповолни и неадекватни, а тоа говори во прилог на констатацијата дека состојбата во поглед на информираноста на учениците на овој план е, речиси, незадоволителна. Ваквата состојба повеќе се однесува на младите што ги завршуваат стручните училишта, меѓутоа, таа во голема мера е карактеристична и за оние што го завршуваат средното општо-образовно училиште — гимназијата, која и покрај некои поповолни наставно-програмски можности, во добар дел не то постигнува нужното и очекуваното.

Освен горните, на учениците им беа поставени и некои други прашања. Така на пример, со цел да се видат какви се нивните знаења и уверувања во поглед на општата законитост и неминовност на општествениот развој, односно со цел да се видат нивните мислења и уверувања за општата перспектива на социјалистичкото општество, директно им беше поставено прашањето „Дали сте уверени дека социјализмот ќе се оствари во целиот свет"? Учениците во најголем број се изјаснија со одговорот „Се надевам во тоа", односно во неминовната победа на социјализмот во целиот свет. Значи, од прилика, половината од вкупно анкетираните се определиле за ваквиот одговор, додека само 15,11 отсто дале одговор според кој „апсолутно се уверени во победата на социјализмот во целиот свет". Се разбира, ниедна ваква состојба не би можела да се смета за нормална и поволна. Дури и кога би се земале заедно процентите под А и Б, односно кога би сеземал збирот на учениците кои одговориле дека се уверени во тоа и дека се надеваат во тоа, што изнесува 65,32 отсто, положбата не би можеле да ја третираме како задоволителна, зашто не е мал бројот и на оние млади луѓе кои отворено изјавиле дека се сомневаат, односно не веруваат во целосната победа на социјализмот како општествен поредок. Од податоците на приложената табела се гледа дека и овде положбата во стручните училишта е покритична од онаа во гимназиите. Меѓутоа, и во гимназиите доаѓаме до непријатни факти кои одат во прилог на констатацијата дека недостасува поорганизиран, поефикасен, поединствен третман на ваквите и слични теми и проблеми со учениците, односно дека младите во извесна мерка се препуштени сами на себе во формирањето на сопствените погледи и уверувања.

На прашањето „Дали сте уверени дека социјализмот ќе се оствари во целиот свет" учениците можеа да одговорат со А) апсолутно сум уверен во тоа, Б) се надевам во тоа, В) се сомневам во тоа, Г) не верувам во тоа, и Д) не знам. Добиените одговори изгледаат според приложената табела:

| Ученици од | А | Б | В | Г | Д |
|---|---|---|---|---|---|
| стручни училишта | 10,00% | 51,78% | 17,50% | 14,64% | 6,07% |
| гимназии | 20,21% | 48,63% | 16,93% | 9,83% | 4,37% |
| среден процент | 15,11% | 50,21% | 17,21% | 12,23% | 5,22% |

(Во идниот број НОВИТЕ НАСТАВНИ ПРОГРАМИ — ПАТОКАЗ)

**Божидар АМПОВ**

ДЕНЕС БРУЦОШИТЕ можат да се препознаат лесно само по она што се вика цврста решеност да се истрае во школувањето, да се пренебрегнат сите придружни романтични настроенија и мисли за удопство и забава што ги нуди велеградот, да се стане „свој човек“ со што покус рок на студирање. . . А од сега поранешна романтичност останале само турканиците пред шалтерите за студентски прашања и — збунетоста. Но, таа збунетост има многу краток век. Впрочем, потврда за ваквото мислење е разговорот што неодамна го водевме со група бруцош(к)и и во Студентскиот дом „Стив Наумов“

## ■ КАПАЦИТЕТИ

По студено и врнежливо време се информираме за „бруцошка барака“. Ни ја посочуваат бараката број 24. Во која соба да влеземе? Не сме којзнае какви љубители на кафето, но мамат исечените новински букви „Дојдете на кафе“ залепени врз стаклото над влезната врата во една од десетте соби на бараката. Влегуваме. Не пречекува Јовица КОСТИК, студент (читај: бруцош) на Земјоделско-шумарскиот факултет. Го прашуваме за живеењето негово, бруцошко:

— Не сум ниту воодушевен, ниту разочаран. Првото среќавање со факултетот ми беше малку необично, но брзо се привикнав на новиве услови. Проблеми? Па, има. Но, не такви што не можат да се решат. Мене, а и на колегите, ни пречи тоа што предавалните на нашиот факултет се преполнети. На предавањата човек нема каде игла да фрли. Тешко е простум да се стои и да се запишуваат зборовите на професорот. Но, речено ни е дека до 5 ноември ќе добиеме нови, поголеми простории. Тогаш ќе биде подобро. Сместувањето. Па, знаете тоа е меч со две острици. Ако се определиш за милоста на скопските газдарици, таа милост ќе те чини 25—30 стари илјади месечно само за покрив над главата. А за затоплување и да не зборуваме. Тука сме во многу попривилегирана положба. Соба, затоплување, уреди за општа и лична хигиена, исхрана во студентска менза. Сето тоа за триесетидветри илјади, стари, секако. Да не заборавам, во собава сме сместени петмина, а друштвото понекогаш ни се зголемува. — во шега ни рече на крајот нашиот соговорник, бруцошот Јовица.

## ■ МИР

Во бараката на бруцошките, изградена од нешто потврд материјал, еден мал лавиринт. Многу соби, многу можности за продолжување на разговорот со поубавата бруцошка половина. Ние се одлучивме да тропнеме на една од собите во самиот крај на ходникот. Збунети, и ние и домаќинките, веројатно уште долго ќе требаше да ги убедуваме дека сме дојдени со намера да пишуваме за мир. Скепсата кон нас ја разруши споменувањето на „Млад борец“, весник што Весела ТРАЈКОСКА, Снежана МИХАЈЛОВСКА и Митра ПОПОВСКА со радост го прелистувале до неодамна во средношколските клупи.

— Вклопувањето во новата средина воопшто не ни претставуваше проблем — вели Весела и додаде: Веќе се чувствувам како стара скопјанка. Меѓутоа, она што Скопје значи за „старите“ скопјанки не значи и за мене и за моите колешки. Нам ни се недостапни многу добра што скопските девојки ги уживаат. Зошто? Па тоа е едноставно. Ние сè уште се чувствуваме збунети, неинформирани за сите оние катчиња каде покрај редовните студии ќе можеме да ги негуваме и своите афинитети

## БРУЦОШ — КАКО ЗВУЧИ ТОА?

# КРАТКОТРАЈНО ПРИ



кон некоја од уметностите, фолклорот, општествениот живот. Секако, тука влијае и нашата определба. Да се заврши она што се почнало. Она за што сме дојдени во Скопје. Факултетот. Трошиме општествени пари од кредити и стипендии. Трошиме пари од родителите. Тие средства мораме да ги оправдаме.

— Стекнувам впечаток како некои колешки да се дојдени тука само од туристички побуди. Тие ни пречат во учење. Читалните се преполни, а ние сме навикнати да учиме, меѓу другото, во нешто поудобни услови. систематско учење тука е само илузија. Немаме мир од останатите колешки, а нашите бруцошки реакции на ваквиот однос се само осамен глас во пустина. Дали ваков е само почетокот или истото ќе продолжи и во иднина — страв ми е да помислам — вели кратовчанката Снежана Михајловска, студент на Правниот факултет.

Во разговорот се вклучи и Митра ПОПОВСКА од Виница, која од неодамна е студент на Земјоделско-шумарскиот факултет:


МИТРА ПОПОВСКА


МИХАЈЛОВСКА СНЕЖАНА


ВЕСЕЛА ТРАЈКОВСКА


ЈОВИЦА КОСТИК

# ЛАГОДУВАЊЕ

Дисциплината во бараката не е на висина. Навикната уште во средното училиште „од корен" да ја следам наставната материја, тоа постојано

— Добро е тоа што факултетот ни е блиску. Лошо е што нема место да седат и слушаат сите студенти. Добро е што е ефтино сместувањето. Во собава не има пет колешки, секоја од нас плаќа по 86 динари станарина, а околу 240 динари за исхрана во мензата. Лошо е што за овие пари не може да се учи. А тешко се снабдуваме и со учебници. Љубов? А, тоа не е за „Млад борец". Би звучело смешно. Зарем не го насетивте нашето двоумење кога требаше да влезете во собава? Ние сѐ уште сме во непознат град, меѓу непознати луѓе, резервирани сме кон секого, што не го познаваме. На крајот на краиштата, добро е и тоа што пишувате за нас бруцошите. Лошо ќе биде ако и покрај вашите напори не се стори нешто на планот на подобрување на можностите за учење. Тука првенствено мислам на мирот. Засега тој најмногу ни недостига. А што се однесува до збунетоста, мислам дека нејзиниот век е кус. Веќе поминува.

**Љупчо СИЛЈАНОВСКИ**

## ПРЕКУБРОЈНИ

**Според зборовите на Владимир ТЕВДОВСКИ, член на Секретаријатот на РК ССММ сместувачките капацитети за студентите на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје изнесуваат некаде околу 6.000 легла, од кои 1.598 во тврда градба. Останатите 2.592 легла се во бараки. Од вкупниот број легла 40 отсто се наменети за сместување на бруцошите. Сепак, ваквите капацитети ни оддалеку не ги задоволуваат нараснатите потреби бидејќи најголемиот број студенти се сместени во приватни соби, обично подруми со нехигиенски услови за живеење и „од око пресметани кирии".**

# ШТИП: ПОЕЗИЈАТА ВО СЕКОЕ КАТЧЕ

**ВО НИЗАТА** литературни вечери, поетски митинзи, рецитали и други сродни манифестации на членовите на литературната дружина „Сончева колона" на гимназијата „Славчо Стојменски" во Штип, на сите љубители на пишаниот збор ќе им останат во траен спомен „Осмоноемврисските литературни средби на поетите средношколци".



И годинава, можеби најподготвено, ќе ги дочекаат штипските поети своите колеги од републиката и од целата земја, со единствена желба со поезија да го прослават триесеттиот роденден на слободата на Штип.

Три дни, колку и ќе траат средбите, ќе се говори поезија во: работните организации, училиштата, домовите, касарната, со еден збор ќе влезе поезијата во секое катче на овој град.

Литературната дружина „Сончева колона", деновиве ќе распише конкурс кој ќе им се упати на сите литературни дружини на Македонија, за литературни трудови, од кои стручното жири ќе одбере три најдобри и ќе ги награди. Конкурсот ќе биде распишан на слободна тема, со што им се даваат поголеми можности на учесниците.

Членовите на дружината — домаќин, ќе апелираат до сите литературни дружини, во свои рамки да распишат интерни конкурси за да можат во Штип да стигнат навистина најсолидните трудови. Од организаторот на средбите дознавме и тоа дека ќе им се упатат покани на сите афирмирани поети во републиката, за да го зголемат нивото на средбите со своето учество или со испратените трудови.

Не е на одмет да се додаде, дека „Сончева колона" пред две години беше прогласена за најдобра литературна дружина во републиката. Тогаш организацијата на „Осмоноемвриските литературни средби" е во вистински раце.

**Божидар НЕРЛОВИЌ**

## АРГЕНТИНА:

# НЕ САМО ГЕРИЛА

**Аргентина е една од земјите на Латинскоамериканскиот континент со извонредно бурен политички живот, во кој не мала улога има младината. Перонизмот, кој често се колеба меѓу демократијата и диктатурата, е најмасовното политичко движење во земјата инспирирано од веќе покојниот Хуан Перон. Неговата сопруга Изабела Перон, која ја превзеде претседателската функција, со сите сили, правејќи често и неразбирливи чекори, се обидува да ја задржи земјата од рабол на граѓанската војна.**

**За Аргентина и нејзината младина пишува дописникот на Танјуг, Мома Пудар.**

ВО БУЕНОС АИРЕС туку што стиг на пролетта. Младоста бурно ја пречека во знакот на древните обичаи: со паради, фестивали, карневалски свечености...

Беше тоа одмор од суровата реалност. Оваа земја, имено, сега многу не мисли на огнометните радости. Затоа што се разгорува криза, проследена со насилство и герилски борби. Жетвата на смртта не завршува, а се распалуваат политичките страсти на противничките сили во борбата за власт. Овој судир претежно му става печат на животот на младината.

Аргентина е земја на младите. Преку половината од оваа 23-милионска нација е помлада од 25 години. Дури 28,5 одсто од Аргентинците на наполниле 15 години. Уште Аргентина се смета за „стара" нација на овој континент на младоста, затоа што преку 40 одсто од Бразилците, Боливијанците или Колумбијците немаат полни 15 години.

И токму оваа млада генерација е жртва на насилството. Доволно е да се зачекори по улиците на 9-милионскиот Буенос Аирес, па да се почувствува ова неспокојство. Насекаде се испишани борбени пароли, младината се повикува на бунт, очите ги бодат мноштвото белези на разни „герилски армии": ФАР, ЕРП, ФАП „Монтенероси", ФРА или „Три А" и слични.

### ЗАТВОРЕНИ УНИВЕРЗИТЕТИ

Не е тајна дека овие „армии" се одржуваат со свесното или несвесното собирање на младичите и девојките. Ретки се герилероси постари од 30 години. Секако, најмоќна е перонистичката младина, сега длабоко поделена на „десна" и „лева" струја. Овој судир ги втурна „Монтенеросите" во герила. А тие беа борбените јадра на перонистите.

Токму на овие „Монтенероси" им порачуваше Перон од своето прогонство дека „би се борел со бомба во рацете кога би имал 50 години помалку". Беше тоа во годините на пресметка со воената диктатура на генералите и адмиралите. Но, герилците не ги обесија пушките на ѕид, и кога Перон се врати. Се разидоа околу „Револуцијата во мир" и пред неколку недели „Монтенеросите" преідоа во герила.

Овие аргентински маки не стигнуваат само од крајната левица. Нивното главно извориште е на десницата. Сите овдека знаат за профашистичката банда на движењето „Три А", што е кратенка на таканаречената „Аргентинска антикомунистичка алијанса". Нивниот бес се излива по улиците, и човек би рекол дека смртта демне зад секој ќош.

Немирната политичка сцена внесе раздвиженост во душата на младината, суштински влијаејќи на нејзиното однесување. Да кажеме и тоа, владата оцени дека универзитетот во Буенос Аирес се наоѓа во „состојба на бунт" и ги затвори неговите врати веќе два месеци. А тука се наоѓаат околу половината од аргентинските студенти.

Загриженост предизвикува и уште еден факт: владата вели дека преку 90 одсто од бруцошите кои го пречекоруваат факултетскиот праг, не ја издржуваат животната битка до обезбедувањето на дипломата. Едноставно ги напуштаат студиите од разни причини, најчесто економски. А што значи тоа — најдобро може да се види кога се знае дека во Аргентина има 445.000 студенти.

Ова е исечок на суровата аргентинска реалност. Не е едноставен животот на младината од земјите во развој, особено во оние зони на светот кои сега се зафатени со темелни структурални реформи.

### НЕМА НЕПИСМЕНИ

Младината на Аргентина има огромна предност, затоа што е писмена, речиси, 100 одсто. Овде ја нема „армијата неписмени" која инаку се сретнува по целиот овој континент. Во Бразил, на пример, тој џин на континентот, неписмено е половина од населението. Слично е во Боливија, Колумбија, Еквадор...

Уште една изразита особина има младината на оваа земја: растечкиот патриотизам. На собирите, малите и големите, на стадионите или градилиштата, често спонтано се извикнува „Аргентина, Аргентина".

Аргентинските младичи и девојки живеат и работат како целата младина на светот. Страсно го сакаат спортот, особено фудбалот, ја слушаат гласната музика во знакот на тангото, брзаат во разноразните клубови кои ги има на секоја страна, а се плод на обемната работа која меѓу младината ја изврши Ева Перон, чие име сеуште се изговара.

НАЈБРОЈНА Е ПЕРОНИСТИЧКАТА МЛАДИНА



ПРЕД СВЕТСКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ИСХРАНА

# ПРОТИВ ГЛАДТА

ВО РИМ, во организација на Обединетите нации ја започна работата Светската конференција за исхрана. Наредниве десетина дена, за ова извонредно важно прашање за целото човештво, ќе разговараат и ќе го решаваат претставниците на сите земји — членки на Обединетите нации.

Идејата за одржувањето на Светската конференција која ќе расправа за прашањата и проблемите на исхраната, потекна на IV Конференција на неврзаните земји, во Алжир 1973 година. Оваа идеа беше подржана со одлука на 28. заседание на Генералното собрание на ООН, а свикана со една негова резолуција.

Свикувањето на оваа, за цел свет значајна Конференција не дојде случајно. Прашањето на исхраната не е проблем на одделни земји; тоа е проблем на целото човештво. Затоа што, ако не се превземат соодветни чекори и организирана акција, на човештвото кое се зголемува со огромна брзина, во 1985 година веќе ќе му недостасува храна. Впрочем и денес постојат региони на земјината топка во кои поради глад умираат илјадници луѓе, а хроничната неисхранетост е појава карактеристична за цели народи, за цели држави. Во време кога се продлабочува јазот меѓу развиените и неразвиените, меѓу богатите и сиромашните, се создава уште еден јаз — меѓу ситите и гладните.

## ■ СЕРИОЗЕН ПРИСТАП

За подготовките на Светската конференција се грижеше посебен комитет, кој имаше за задача не само да ги проучи сите аспекти на проблемот наречен исхрана, туку и да предложи начини на негово целосно решавање. Заклучокот на подготвителниот комитет беше единствен: прехранбената состојба во светот е критична.

Разрешувањето и надминувањето на таа ситуација ќе биде задача на учесниците на конференцијата во Рим. Како што изјави Генералниот секретар на Светската конференција за исхрана, Сајед Ахмед Мареи, „светот е соочен со ситуација, која бара ефикасна акција на повеќе фронтови, кои земени заедно, би можеле да претставуваат база за светска политика на полето на исхраната". Според Мареи, елементи на таквата политика би можеле да бидат: пред сè, зголеменото производство во земјите во развој; подобреното информирање за состојбата на секторот на исхраната и воспоставувањето на систем на брзо предупредување; ефикасната и подобро координираната политика на резерви на храна. Тука секако би спаѓала и долгорочната политика за помош во храна за вонредни состојби и за дополнување на исхраната на загрозени групи, и конечно, поеластичните трговски и стабилизациони аранжмани и политиката на хармонично прилагодување.



Главноит елемент во започнувањето на разрешувањето на проблемот со исхраната е зголемувањето на производството во земјите во развој. Тука светската заедница ке треба да го направи првиот, но можеби одлучувачкиот чекор. Затоа што, за целосно користење на недоволно искористените човечки и технички капацитети во тие земји, пред се е неопходен поголем прилив на материјални, финансиски средства во тие земји. Ако тоа успешно се реши, ако таа помош биде вистинска и без дополнителни услови, тогаш изгледите за коренито менување на светската прехранбена состојба стануваат пореални. Обединувањето на научните, техничките и технолошките достигања и заедничкото настапување на светската заедница, се главниот предуслов за решавањето на проблемот, кој во XX век не би требало да постои, на проблемот наречен — исхрана.

Светот е соочен со проблем чие нерешавање не му оди во прилог. Гладта не само што чука на неговите врати, туку некаде започнува и да се одомаќува. Нејзиното искоренување е од судбоносно значење за човештвото. Оневозможувањето на условите и политиката кои го овозможуваат настанувањето на гладтта е задача на целото човештво.

Борба против гладта — е главната порака на Светската конференција. Расположението и мотивите за таква борба, се чини, во светската заедница никогаш не биле посилни. Во тоа е и гаранцијата за успех на Светската конференција за исхраната.

**(А. Д.)**

## Со Благоја Станоевски, претседател на РК ССММ

# СЕКОЈДНЕВНА БИТКА ЗА ПРОГРЕС

НАШИОТ СОГОВОРНИК е новоизбраниот претседател на Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија, 30-тогодишниот дипломиран економист од Скопје, Благоја СТАНОЕВСКИ. Изборот му е практично втор мандат на чело на младинската републичка организација, но тој е првиот претседател на единствената младинска општествено-политичка организација на Македонија. Разговоров навреме го закажавме, другарот Станоевски беше особено љубезен и трпелив, но постојаното „дефиле" на соработниците, странките низ неговиот кабинет и којзнае колкуте телефонски повици, не присили да водиме четиричасовен дијалог, за да биде извршена редакциската задача.



Почнавме со прашањето: **Кои се основните пунктови на најнепосредните задачи на ССММ по одржувањето на Деветтиот конгрес?**

— Наредните задачи се практично утврдени уште во подготовките на Деветтиот конгрес на ССММ, во расправата за предлог-документите, а најдиректно во дебатата на самиот конгрес. Тоа се непосредните и подолгорочни егзистентни проблеми на младата генерација во Македонија. На тие основи ќе се изгради и програмата за работа на Републичката конференција и плановите за работа на нејзините органи во претстојниот едногодишен период. Со таквото програмирање веќе започнавме, речиси на првиот договор по конгресот.

Основно настојување е прецизно да се утврдат насоките и роковите на реализацијата, со кое на знатно повисоко ниво ќе се подигне одговорноста на сите носители на реализација на задачите. Тоа значи дека во идниот период задачите мора да се извршуваат многу поефикасно и да се почувствуваат позначајни резултати. Неопходност во реализацијата е координирањето на акцијата со сите организирани социјалистички сили и посебно со општинските организации на ССММ. Но и покрај сите настојувања не можат да се очекуваат позначајни ефекти, ако не се активира младината во базата, ако таа секојдневно не се бори за подобри решенија.

Во рамките на задачите целосно утврдени во Акционо-политичката програма, непосредните задачи произлегуваат од определувањето конкретно да се покренуваат и разрешуваат прашањата на положбата на работничката младина во ООЗТ, зголемување на нивното влијание во ССММ и пошироко во општеството, доследно остварување на работните и други обврски на секој млад човек, зголемување на вработеноста, решавањето на отворените проблеми на учениците и училиштата за работнички занимања, подобрување на условите и можностите за образование, за културен живот и во целина за општествена активност на младите луѓе. Секако од посебно значење се задачите за социјалистичко насочување и воспитување на младата генерација, за што поефикасно и помасовно идејно-политичко и марксистичко образование и оспособување. Исто така претстои целосно ангажирање за што побрзо доведување до крај на реорганизацијата во сите средини и доследна примена на принципите за организирање на ССММ според усвоениот Статут на ССММ.



### Довршување на реорганизацијата

**Кога се предвидува комплетното конституирање на Републичката конференција на ССММ?**

— Целосното организирање на Републичката конференција ќе биде извршено на наредната седница, кога ќе се усвојат документите за непосредните наредни задачи. Инаку, Секретаријатот на Претседателството на РК на ССММ по конституирањето со својот состав обезбедува поцелосно оперативно ангажирање, со основна цел: постојано, секојдневно да ја остварува поврзаноста со општинските, а во одредена мерка и

со основните организации на ССММ. Тој веќе се ангажира на тековните прашања и до конституирањето на работните тела, што наскоро претстои, ќе ги обавува сите работи неопходни за успешен старт на новото раководство.

**— Како ќе се организира ССММ во настојувањето за натамошен развиток на социјалистичките самоуправни општествено-економски и политички односи?**

— Целокупниот начин на организирање и дејствување на ССММ насочени се на многу позначајно ангажирање на младината во развитокот на социјалистичкото самоуправување. Во тоа се состои духот на новиот концепт, врз основа на решенијата утврдени со Статутот. Затоа на конгресот посебно беа истакнати задачите во реализацијата на новите устави и натамошното унапредување на делегатскиот систем. Во целина, низ ангажманот во оваа насока, младите треба постојано да го потврдуваат својот револуционерен жар и односот кон највиталните општествени прашања. Во таа смисла, ССММ постојано ќе се потврдува како составен дел на организираните социјалистички сили, а во рамките на ССРНМ мора постојано да го насочува и поттикнува ангажирањето на сите млади луѓе. Определбата на младите во оваа насока се потврдува и низ зголемениот интерес за прием во СК“.



## Со акции до квалитет

**— Акцијата „Избираме најдобар млад работник“ е програмирана и за наредниот период. Таа во практиката имаше одредени пропусти. Како ќе се надминат тие во идните слични зафати?**

— Меѓу суштинските барања на Конгресот беше и потребата од што поакционо ангажирање на младите луѓе, за да дојдат до израз вистинските квалитети и творечки вредности. Акцијата „Избираме најдобар млад работник“ и покрај пропустите кои се јавуваа во нејзиното водење, мислам дека создаде значајна основа за нејзино вистинско реафирмирање. По Конгресот акцијата сигурно ќе мобилизира многу поголем број млади луѓе во ОЗТ.

Таа доби и општојугословенски карактер, а во основа придонесува за зголемување на работните резултати, подигнување на продуктивноста на трудот, подобрување на односот кон средствата за труд, а особено за интензивирањето на општествено-политичкиот активитет на младиот работник. Таа ќе биде само една од акциите од ваков вид што ќе се водат. Значајна е решеноста да се организираат слични зафати за селската и младината во процесот на образованието и воспитувањето.

**— Како ќе се вклучи ССММ, другар Станоевски, во напорите за постојано зголемување на вработеноста и каков ќе биде уделот на вработувањето во странство?**

— ССММ на овој план постојано ќе се ангажира во акцијата на сите организирани социјалистички сили за реализација на ставовите и одлуките усвоени на конгресот на СК во кои се содржани определувањата на младите што се потврди на Деветтиот конгрес на ССММ. Непосредно тоа значи и активен однос на секој млад човек во ОЗТ, каде треба да се создаваат услови за зголемување на вработеноста на економски основи, но без запоставување и на социјалните аспекти, бидејќи тука се наоѓа основата на најзначајна социјална диференцијација меѓу младите.

Вработувањето во странство сигурно ќе се одвива поорганизирано, но се позначајно ќе мора да се остварува процесот на враќањето на младите вработени во странство и нивното вработување во земјата.



## Учењето е општествена обврска

**— Зголемувањето на општествениот стандард подразбира низа погодности за младиот човек. Требаше да се гради „младинска ривиера“ во Охрид, да се добијат повластици за групни патувања... До каде се стигнало со тоа?**

— Решавањето на проблемот на повластиците, мислам многу бргу ќе се реши, со оглед на јасните согледувања и во младинската организација и пошироко.

Во расправата на Конгресот значајно внимание беше посветено на условите за младински туризам. Условите на кои денес е упатена младината треба радикално да се подобруваат. Почетните промени треба да се остваруваат преку обезбедените средства, врз изградената основа за подолгорочен развиток на младинскиот туризам. Со тоа, јасно е дека не е проблемот во „младинската ривиера“ туку во постојаното подобрување на условите врз основа на плановите за поширокиот општествен развиток“.

**— Што значи настојување за ефикасно учење и студирање, како што е запишано во Акционо-политичката програма на ССММ?**

— На Конгресот се потврди дека за нас е неприфатлива сегашната состојба. Тоа најдобро го потврдува определувањето решително да се подобри ефикасноста на учењето и студирањето затоа што правото на образование е и обврска за навремено завршување и целосно оспособување за вклучување во процесот на трудот. Борбата за подигање на ефикасноста на воспитувањето и образованието значи борба за натамошно подобрување на можностите и условите за образование, за вреднување на трудот и резултатите, за побрзо ефектуирање на вложувањата, за побрз развиток на постабилни основи и воедно решително надминување на толерантниот однос кон неисполнување на основните обврски.



## Наученото од марксизмот во практика

**— Како, другар Станоевски, ќе се реализира идејно-политичкото оспособување и марксистичкото образование, во базата?**

— Идејно-политичката наобразба не е само стекнување на знаења, туку и примена низ општествено-политичката активност. Досега остварените резултати говорат дека значаен дел од младината е вклучен во процесот на оспособување и марксистичко образование, но тоа сеуште недоволно се потврдува во практичната општествено - политичка активност што значи за доследно оживотворување на социјалистичките самоуправни односи, за побрз развој и општествен прогрес. Усвоените организациони решенија практично го поставуваат прашањето на ангажманот на сите базични организации на тој план преку примена и поттикнување на разновидни форми на активност кои постојано треба да ја зголемуваат идејно-политичката оспособеност на младите. Така треба да се оспособуваат не само членовите на ССММ, туку што поширок круг млади луѓе, низ тие форми на дејствување, ССММ значајно ќе придонесува за социјалистичка насоченост на целата млада генерација“.

**—Како се надминуваат присутните тешкотии во развивањето на културната дејност сред младите луѓе?**

— И покрај тоа што прашањата од оваа област доминираат во одредени средини сеуште не се остваруваат позначајни резултати. Причините за тоа се многубројни. За остварување на залагањата од особено значење е целосното искористување на постојните простории и други услови, како и нивното постојано подобрување. Тоа значи и координација на институциите во областа на културата и надминување на сознанијата дека денес, младата генерација својот интерес го исцрпува само низ одреден вид забава.

**Разговорот го водеше:**
**Ѓорѓи Масинов**

● ПОСЕТИ

# ПРОБЛЕМ - ПРОСТОРОТ

## ● Во Економското училиште »Кузман Јосифовски—Питу« во Прилеп

**НАВИСТИНА** бевме пријатно изненадени: сите ученици што ги сретнавме при доаѓањето, и во училишниот двор, и во училишните ходници, беа во својата работна униформа — познатите партизански блузи. Слободно може да се каже дека оваа кафеава униформа е симбол на училиштето.

Економското училиште „Кузман Јосифоски — Питу" можеби е најголемото во Прилеп. Има околу 670 ученика. Постои само една насока, а по завршеното четиригодишно школување тие стануваат економски техничари. Некои од нив се вклучуваат во книговодствата на стопанските организации, некои пак го продолжуваат школувањето на Високата економска школа, или на некој од факултетите. Да се напомене и тоа, дека во градот постои извонреден интерес за ова училиште: само оваа учебна година одбиени се преку 400 ученика.

**Разговараме со директорот на училиштето, Јово НОШПАЛ.** Разговараме за успесите, за проблемите, за наставата, за учениците, учебниците и за сè она што се случува во секојдневното работење на училиштето.

### ■ ВРСКА СО СТОПАНСТВОТО

Можеби најголемиот успех на училиштето е тој, што во такви услови во кои се наоѓа — работи нормално. Тоа е општиот заклучок од разговорот со директорот Ношпал. Затоа што, како што и сами се увеРивме, просториите се најголемиот, и засега нерешливиот проблем на училиштето.

**Во зградата работат 3 училишта во две смени — истакна Ношпал. Нема никакви услови во потполност да се развие наставниот процес, а уште помалку и ученичките, младинските активности. За илустрација на состојбата: имаме комплетен кабинет по технологија кој стои затворен — во магацин. Истото се случува и со кабинетот по дактилографија. За нив, и покрај најдобрите желби, место не може да се најде.**

**Но и покрај се,** — продолжи Ношпал, **учениците што излегуваат од нашето училиште се барани во стопанските организации. Морам да истакнам дека врската меѓу нашето училиште и стопанството на градот е навистина добра. Тоа најубаво може да се почувствува преку нивниот однос кон нашите ученици кои кај нив ја изведуваат задолжителната феријална пракса. Нашите ученици не само што ги бараат, туку и се задоволни од нив.**



ЈОВО НОШПАЛ

**Но, сакам да истакнам и еден неправилен однос на некои стопански организации кога се врши плаќањето на учениците за извршената феријална пракса. Сметам дека не треба да им се плаќа на учениците на рака. Затоа што се јави фамилијарност при примањето; сите сакаат да одат во оние организации каде што повеќе се плаќа. Многу подобро би било кога тие средства би му се давале на училиштето, од нив би се стимулирале ученичките активности, би се опремувале кабинети, би се организирале екскурзии... Се прават обиди ова недоразбирање околу плаќањето да се расчисти, затоа што од тие средства што ќе му се даваат на учелиштето, најголемата корист ќе ја имаат учениците.**

### ■ ПРИЧИНИ ЗА СЛАБИОТ УСПЕХ

Средниот успех на училиштето во минатата учебна година изнесуваше 2,35%. Според директорот Ношпал, главни причини за вака слабиот успех се недостатокот на учебници, и пред сè, законот за школство, кој овозможува полагање и со по 11 единици.

**Сметам дека законот за школство не придонесува за главната цел: воспитување и образование на ученикот,** истакна Ношпал. **Тоа што сега им се овозможува на учениците кои имаат и 9, и 11 единици да го продолжат школувањето во повисокиот клас, не му оди на никого во прилог. Со тоа им се одмогнува и на учениците, и на професорите, и на родителите. Поради полагањето во текот на учебната година, ние не може да направиме и соодветна организација на наставниот процес. За илустрација: во почетокот на октомври се уште немавме формирано класови, а наставата е започната, но не за сите. Оние што полагаат подоцна се вклучуваат. И уште нешто; со тоа што нема губење на година, кај учениците се создава еден неодговорен однос кон учењето, кон трудот. Овој закон, да кажам и тоа, овозможи и други деформации: давањето на пари за подготвување на учениците за испити има голем одраз врз родителскиот џеб. Поради сето ова, потребни се итни промени, корекции на законот — за да може успешно да одговори на својата намена.**

**Состојбата со учебниците е втората причина за слабиот успех,** — продолжи директорот Ношкал. **Едностав**

но, нема учебници. И во оваа учебна година со нив ќе имаме големи тешкотии. По одредени предмети нема ниту напечатено, издадено учебници на македонски јазик. И ако тоа не го сакаме, ќе мора да се предава и воедно диктира, затоа што учениците од некаде мора да учат.

Според директорот Ношпал состојбата со наставниот кадар е добар. Има професори по сите предмети, и што е најважно скоро сите се со соодветни квалификации. Или со еден збор, кадарот одговара на барањата на наставата. Но има и една тешкотија. Поради ниските примања, стручниот кадар не е стимулиран да остане во училиштето.

Треба да се спомне и тоа дека голем број од поранешните ученици на училиштето, се сегашни професори во него. Кадарот е составен од претежно млади луѓе, и тоа овозможува меѓу нив и учениците да се воспоставуват коректни, колегијални односи.

## ▪ ДОБРИ УЧЕНИЦИ, ДОБРИ МЛАДИНЦИ

На крајот да го кажам и тоа — рече директорот Ношпал — дека ние имаме навистина добри ученици. И покрај тоа што немаме и неможеме да им обезбедиме добри услови, тие покажуваат голем интерес и кон наставата, и кон младинските активности. И воопшто, како училиште, во вакви услови ние сме постигнале так ви резултати, сме направиле толку работи повеќе, од други кои имаат далеку подобри услови од нас.

* * *

Дека младинската организација во Економското училиште „Кузман Јосифоски — Питу" солидно и успешно работи — се уверивме разговарајќи со неколку ученици. Ни зборуваа за одзивот на учениците кон младинските активности, за марксистичките кружоци и предавања, за радио-емисиите, за културно-забавниот живот, за литературната дружина, за спортот... Но, да почнеме по ред.

▪ **РАДЕ ИВАНОСКИ** е претседателот на основната организација на ССММ во училиштето. „Активноста на младинската организација опфаќа голем број ученици. Нивниот интерес е навистина голем. Меѓутоа, главен проблем ни претставуваат просториите: немаме каде да ги изведуваме нашите активности. Кога тоа не како ќе го решиме, сметам дека никакви проблеми ќе немаме.

Главно место од нашата активност зазема марксистичкиот кружок. Постојано се организираат предавања кои ги подготвуваат учениците или наставниците. Скоро имавме предавање на темите „Социјализмот како светски процес" и „Животот и делото на Маркс". Ваквите предавања се извонредно добро посетени. Да кажам и тоа дека околу 40 ученика од училиштето ја посетуваат политичката школа во градот".

— **ЛЕНЧЕ АВРАМОСКА** беше делегат на Деветтиот конгрес на ССММ. „Младите од училиштето покажаа голем интерес и со особено внимание го следеа Конгресот. Тие активно учествуваа во дискусијата и разгледувањето на конгресните документи. Следејќи го внимателно Конгресот, младите воедно изразија готовност доследно да се вклучат во оживотворувањето и реализацијата на документите и заклучоците на Конгресот."

— **ЕЛИЗАБЕТА СУРЛАЦИСКА** зборуваше за работата на литературната дружина. „Во литературната дружина постојано се активни околу 50 ученици. На секој две недели тие се состануваат и ги читаат своите творби. Наш најголем успех е издавањето на алманахот „Бранувања", издаден на 30-годишнината од смртта на нашиот патрон — Кузман Јосифовски — Питу. Инаку, литературната дружина активно соработува со повеќе такви дружини: да ги спомнам „Кочо Рацин" при Домот на градежните работници во Скопје и литературната дружина при средно економското училиште „оБрис Кидрич" до Охрид."

— **ГОРДАНА ТРАЈКОСКА** ја уредува младинската радио емисија. „Секој понеделник, за време на класните часови, се емитува радио-емисијата што ја подготвуваме ние, учениците. Во емисијата се опфаќаат сите полиња, од младинската активност и во училиштето, а и пошироко. Оваа младинска хроника, која ние ја нарековме „Од вас за вас" е навистина хроника на младинскиот живот".






РАДЕ ИВАНОСКИ, ЛЕНЧЕ АВРАМОСКА, ЕЛИЗАБЕТА СУРЛАЦИОСКА И ГОРДАНА ТРАЈКОСКА

Опширно ни зборуваа Раде, Ленче, Елизабета и Гордана за се она што го прават и сакаат да го прават младите. За културно-забавниот живот, за соработката со младите од градот и посебно со ЈНА, за играорната секција во училиштето, за спортското друштво „Економист"... и за партизанските блузи, кои како униформа ги носат сите ученици.

А. Д.



## РУДНИЦИ И ЖЕЛЕЗАРНИЦА »СКОПЈЕ«

# НОВИ ЗАДАЧИ ЗА МЛАДИТЕ

НЕОДАМНА, во овој колектив, одржана е годишна изборна конференција на ССМ, на која младинците ги избраа новото претседателство и претседател за идниот мандатен период. Во новото претседателство се избрани 20 члена, а за нов претседател е избран Славе Питаловски, техничар од Енергетика.

На конференцијата младите од колективот отворено дискутираа за проблемите со кои се срекаваат во изминатиот период и за наредните задачи кои стојат пред младинската организација.

Идејната поставеност на младите во овој колектив и нивната улога во реализирањето на поставките од новиот Устав, беше главна преокупација на сите дискусии. Ангажирањето на младите во реализирањето на новите идејни токови како основа за натамошен развиток на самоуправното социјалистичко општество, како и ангажирањето во реализацијата на уставните амандмани и во спроведувањето на политиката на СК, ќе бидат и во идниот период главна преокупација на младите.

— Главната и основна задача на младите од нашиот колектив, како што рече директорот Мирко Пешевски, ќе биде максимално ангажирање на младите во процесот на производството и изборување за што подобри резултати на секој погон. Во развитокот на самоуправните социјалистички односи, младите треба да се заложат и тоа не само декларативно туку и суштински да допринесат во спроведувањето на амандманските принципи.

Младите во нашиот колектив секако дека треба да си го најдат своето место и во однос на наградувањето, да бидат правилно поставени, пред сѐ заради тоа што тие во нашиот колектив се носечка кадровска сила на која лежи иднината на нашето претпријатие".

Секако дека фактот што, голем дел од младинците во изминатиот период беа вклучени преку разни општествени активности, 50 младинци се примени во редовите на СК, 100 младинци ја посетувале школата за самоуправувачи, зборува дека младите активно се вклучуваат во самоуправните токови и сѐ подлабоко навлегуваат со своите сознанија во поставките на нашето самоуправување. Тоа секако дека влева една сигурност и верба во новата млада генерација, а аналогно на тоа потребно е да се поставуваат пред неа и покрупни задачи.

Од фабричката конференција на ССМ произлезе и заклучокот, дека младинците во наредниот период треба сѐ повеќе да се докажат како носечка сила на претпријатието, бидејќи пред нив стојат големи задачи и значајни чекори.

**М. В.**

## КРАТОВО

### ЧЛЕНСТВОТО ВО СК - ЛИЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОБВРСКА

ДА СЕ СТАНЕ ЧЛЕН на Сојузот на комунистите, за младите од Кратовско, претставува сериозна лична и општествена обврска. Така резонираат непосредно по приемот во СК младите Кратовчани: Методи Какев, Иван Воденичарски, Влатко Какашевски, Благој Георгиев, Јаким Митковски, Ратко Петровски и Снежана Ивановска.

— Ние, младите комунисти ќе бидеме најдоследни во извршувањето на секоја задача што ќе ја добиеме, а истовремено ќе бидеме први во борбата против секоја евентуална деформација, девијација, сопирачка или друга неправилност, кои ќе се појават како негативен одраз во општествениот живот. Бескомпромисно ќе се бориме за се што е позитивно во нашето општествено-политичко секојдневие".

Интересот на младите за прием во СК расте со несмалено темпо. На последната седница на Месната организација за Кратово, беа поднесени тринаесет молби од младинци за прием во Сојузот на комунистите. Организацијата застана на становиште, дека во оваа прилика треба да се примат само седум младинци и младинки, кои се одликуваат со позавидни општествено-политички атрибути, а останатите кандидати треба до наредната прилика, уште еднаш да се потврдат како зрели за прием во Сојузот на комунистите, иако несомнено поседуваат мноштво карактеристики на социјалистички ориентирани производители и граѓани. Нивната активност дотогаш ќе биде следена од страна на месната организација на СК, што е уште еден придонес кон напорите, приемот во СК да биде што поорганизиран процес на вреднување на општествено-политичките вредности на младиот човек. Инаку процесот на прифаќање на млади членови на СК може да се оцени како мошне охрабрувачка дејност, бидејќи досега се примени во СК над 100 младичи и девојки од Кратовско.

**Спасе ГЕОРГИЕВСКИ**

## КУЛТУРЕН ЕЛЕВАТОР

СРЕДБА

# НИЗ ИНДИВИДУАЛНА ПРИЗМА

**ВЕЛЕ СМИЛЕВСКИ** е млад литературен критичар и поет. Книгоиздателството „Мисла" од Скопје оваа година ја издаде неговата прва книга песни: „Слика што согорува". По тој



ВЕЛЕ СМИЛЕВСКИ: ЗА РАМНОТЕЖА МЕЃУ ЗАНЕСОТ И РЕАЛНАТА СОСТОЈБА

повод водевме краток разговор со поетот.

**■ Најпрвин кажи ни нешто за концептот на твојата поетска објава. Кои се твоите основни интересирања, твоите преокупации?**

— Поетот не може да се дистанцира од општите преокупации на денешниот човек, кој пред сè е опседнат со прашањето на својата егзистентност низ кошмарот на овој забрзан век. Ако станува збор за концепт, за творечки концепт во „Слика што согорува", би требало да е согледлив во настојувањето тие општи прашања да се сведат на именителот на индивидуалните доживувања во скриените катови на свеста. Таквата трансформација, пак, неминовно доведуваше прекршената слика на стварноста низ изразито индивидуалната призма да биде една, можеби малку, необична слика, која, меѓутоа, логички не ќе отстапува од својата основа.

**■ Се добива впечаток дека во „Слика што согорува" имаат отсјај надреалистичките искуства. Се сложуваш ли со оваа констатација?**

— Можам да се сложам, пред сè, заради тоа што констатацијата е добро формулирана. Можеби се работи за отсјај на надреалистичките искуства. Всушност за тоа повеќе зборува во еден текст А. Спасов кој прави синтеза на сознанијата на критичарите кои пишувајќи за одделни автори, го зафаќале ова прашање.

**■ Ти овој пат се претстави со својата прва книга песни. Што значи тоа за тебе?**

— Тешко е младиот автор да одговори на ваквото прашање. Овде пред сè треба да се најде рамнотежа помеѓу занесот и реалната состојба Ако тоа сум го постигнал можам да речам дека „Слика што согорува" е заокружен резултат на моите сознанија, на моите разбирања за поезијата овој момент, што не значи дека престанале дилемите околу она што влезе меѓу нејзините корици. Но, не дилеми во однос на отстапката од определба, туку дилеми околу можностите за градација на еден фундамент во кој јас верувам.

**■ Како гледаш на појавата на голем број млади автори, твои врсници?**

— Тоа е природен процес. Младите доаѓаат, донесуваат различни светови и, што е интересно, со еднаков интензитет веруваат во нив. Тоа е добро.



## ВЕЛЕ СМИЛЕВСКИ

# АНТЕЈСКА

*Потајум те следам во сржта на сводот*
*во звукот што те создава и во ноќниот шатор*
*а сè не е чујно. Втонат в школка*
*на немите стрели Стварноста што расте од столот*
*од траењето на измората страв во зинатиот кратер*

*ор другата страна зрачи како циркусна сторија*
*и под топлата трага на новите летови*
*те пресоздадоа И пак си кревок сон пред ветрот*
*Враќање на таа Слика — проневера на целата историја*
*Враќање во мастилото во кое веќе лови*

*прастарото гнездо: Враќање до твоето повторно раѓање*
*А те следам пак со доверба од глуждот*
*— израсток на подземното бележење на водата*
*на воздушната кула на нагорното паѓање*
*наспроти сè кон мене што паѓа како дождот*

ПРЕМИЕРИ

# »МАРКО КРАЛЕ« — СЦЕНСКА ВИЗИЈА НА ЕДНА СЦЕНА

**ОВОГОДИНЕШНАТА** театарска се зона Народниот театар од Штип, ја отпочна со сценската визија „Марко Крале", остварена врз драматуршките замисли на двајцата млади театар ски работници В. Шумански и С. Гаврилов.

Замислена како едно послободно изразување и приод кон законитостите на класичната театарска сцена, представата „Марко Крале" ризикуваше да не биде добро примена од преполнетиот салон, а обидот на нејзините автори, да не биде сфатен и одобрен од проследувачите на театарското живеење кај нас.

Авторите на претставата, тргнувајќи од епските народни песни за Марко Крале, прават обид за едно оригинално соопштување (и во тоа успеваат наполно), на една своја порака, остварена низ многубројните симболи и метафори (повеќе или помалку прифатливи), постигнати преку играта на патувачката артистичка дружина (во изведба на професионалните артисти) и по пат на дејствувањето на физикусот на масата (во изведба на артисти — аматери). Подредувајќи ги, на тој начин средствата на класичното театарско изразување во однос на сè она што го овозможува елементот на физичкиот театар, авторите на претставата ризикуваа, исто така, да не постигнат рамнотежа и усогласување на овие две сосема спротивни театарски изразни можности. Но, таков ризик секогаш, во вакви и слични случаи, се чини, постои и е неизбежен. Тоа и го прави само то експериментирање и попримамливо. Тоа е онаа примамливост, позната само во процесот на истражувањето. А авторите (режисерите) со оваа претстава и истражуваат, го истражуваат аудиториумот од салоните на театрите од внатрешноста; а со повеќето добиени аплаузи на отворена сцена покажаа дека експериментот е на добар пат и дека **внатрешност**, во смисол на театарско живеење, не постои или барем не би требало да постои.

Претставата својата порака ја извлекува од комплексот на егзистенцијални човекови прашања и проблеми. Пораката, во случајов, го руши митот надвор од човекот а е за мит, односно верба внатре во самиот него, верба — моќ — поголема од сите човекови таги и несреќи.

Остварени низ 7 слики, од кои финалната со нота на ритуален театар, ги плени импресиите на гледачот и ја изнесе целосно пораката на авторите. Представата беше навистина синтеза на добро остварени изразни можности на „штипите што значат живот".

Сепак, она што на претставата и одзеде дел од непобитните вредности е секако костимографијата, над која што авторите — режисери морале да остварат поголемо креативно влијание, во смисла на определување на интензитетот на црвената, односно црната боја, тие две исконски книшки на еден „мал" народ. Претставата исто така, многу повеќе ќе добиеше во доискажувањето ако повеќе се работело на светлосните ефекти и светлото, воопшто.

Во секој случај, оваа претстава требаше и беше претстава од еден здив. Во многу компоненти, со вкус дотерана, со осмислена игра во масовните сцени, со дотерано кажување на епиката на потцртаните теми, со синхроно вклопување на контрапунктот на моменти остварен преку судрување на реалистичките сцени на масата и благата имагинарност на живеењето на „театарската дружина".

Она што особено воодушеви во оваа претстава е играта на аматерите, чија што цел на вклопување беше давање на динамика на дејствието, меѓу останатото; играта на аматерите и остварувањето на мизанецевот на таа игра е всушност визијата— авторската сценска визија на темата „Марко Крале". Тоа никако не значи, дека и професионалниот дел од Ансамблот, не ги оствари целите на авторите. Инаку како ќе можеше да се рече безрезервно, дека со оваа претстава НТШ покажа една своја голема можност, темелена на млади и школувани кадри зацртувајќи можеби и една своја поинвентивна, послободна и понеконвенционална репертоарска определба.

Љубомир ГРУЕВСКИ

*Сцена од „Марко Крале": помеѓу физичкото и ритуалното*



НОВИ ПЕСНИ



КРСТЕ ЧАЧАНСКИ

## КОТВА

*Свртена кон земи дојката на летото*
*паѓа*
*исушено виска и така постојано се*
*мрцка*
*цицачи од сите трепетни оази*
*нирвански чедно*
*дрпаат од неа чинарот семирски*
*крцкав*

*Еве и неименливата поема се отвара*
*и прска*
*глоди глоби ја менува адресата на*
*челото*
*така хлорофилно и должи лелекот*
*на тагата*
*а потрагата тоне се губи чезнее во*
*телото*

*До него ја дочкрапав тратта се*
*празнично*
*и руво и кремен. Гола бледнее*
*барокната зора*
*сега знам колку проклето и различно*
*неименливото воднее зад векот на*
*димната гора*

*Колку чудно ме прогонат неболични*
*цвеќа*
*а сè не е чујно. Втонат в школа*
*дрпам од некаква дојка и знам веќе*
*нема мегдан само ѕвона само болка*

РАСКАЗ

# НОКНА СЛИКА

ЖЕНАТА ДИШЕШЕ МИРНО.

Будејќи се тој најпрвин ја идентификува топлината што цело време му го полнеше сонот. Тоа таа го пржи со белата кожа. Помина со врвовите од прстите и во ноќната тишина ги чу како зашумеа при допирот со тоа парче разбранувана белина и секоја пора ја сети како се извива и движи, како трептат нејзините струни тегнејќи се, подавајќи се кон патот што носи задоволства.

И во сонот го чувствува, си рече, онаа плима што и ги буди заспаните страсти.

Жената го запре дишењето. Еден момент. И тој замре за да почека, какс таа ќе ја прифати играта што потем судбински ќе им ги сврзе телата, дали и ќе си остане во истата зачмаеност или после една полусонлива воздишка ќе го прегрне пригивајќи го кон себе се додека и двајцата не исчезнат во стисокот што замира. И вистина таа не дишеше пако ноздрите и треперea премислувајќи се во блажениот сон. Дали да врисне, не си рече тој, никако, дали да ја очекува последната капка воздржаност и потоа кога ќе се откине, но не, таа полека, со точност му се врати на претѓешниот миг и пак почне да дише сè така. И тој тогаш го испушти воздухот што го таеше дотогаш во градите. Полека, тивко, речиси со болка. Нε сакаше да ја наруши светата тишина кога се ковеше значајната одлука.

Пак тргнаа во поход прстите, со врвовите и скиташе по вжештената кожа, кротка кожа што се топеше и ѕунеше како пергамент. Убаво ги слушна звуците, зашто прстите, а не слухот беа задолжени за трепетот штс како низ жица се точеше од кожата во нив. Во заговор со свилената материја полека напредуваа нап. ред. Ништо не ги оддаваше нити нешто ќе ги попречеше во слатката настејчивост. Таа сеуште не ги отворила очите, а го знае и ги знае и ја копкаат брановите на страста што надоаѓа.

Не сака да се буди, си рече тој, како и сите жени што ги затвораат очите таму каде што има премногу нежност. Многу нежност, си рече, о мил мој непознат створ што толку убаво знаеш сопствените копнежи да ги претвораш во тајни.

Кога полека ги истргна прстите како да ги беше извадил од тесто, така пак го влечеше назад магнетот на нејзиното тело, назад, во тоа телс што допираше одовде до крајот исполнувајќи го со блажено пијанство секој негов нерв.

Едно време месечината се подаде низ прозорецот и го грабна нејзиното тело. Тој со зачуденост виде како таа врз него ја истура сета своја милозвучна сребреност и гледаше така со подотворена уста не осмелувајќи се да ја пружи раката. Најпосле, кога месечината, како да зајдува почна да си ја собира сребрената пена тој го виде телото нејзино како остана измиенс од небесниот лач.



Од нејзе се оттргна воздишка, од него големото воодушевување. Знаеше дека ја има, ја посакува чиста и жуборот на нејзиниот пулс. Жената во сопственото величествие, во свеста за поседувањето на телото, спиеше мирно, садистички мирно, со заблуден сон во кого се кроеја големите планови за иднината.

Беше после полноќ кога се појави на прозорецот. На чудно, само по себе осветленото небо неколку облаци дрочеа со мир. Како некоја невешта детска рака да ги повлекла со голема четка што мускулите едвам ја крепеле. Раката ја намакала во шише со мастило, замавнала бесцелно по сводот и ги создала нив и мртви. Далечни шумови бодрени од ветрот стасуваат до него. Тој се налакти на прозорецот, сонлив, со скршен сон се загледа во мракот. Пред малку му се причини дека него го викнаа, некој му го свика името со врисклив глас, без глас чудно, без спокој.

Големи згради, мртви згради, оивичени со паркови мрачни силуети што зјапат во ноќта. На еден балкон светна сијалица и се угасна. Како него да му дадоја сигнал, на возот што одминува за вечно.

Од длабочината на мракот се јави ветре. Значајно се залулееа прстите од дрвјата. Ја подбуцнуваа ноќта. Малку му достуде, малу, малу, па ете си стои на прозорецот, нем без збор гледа како есенската ноќ ги пласти идните дождовни дни.

Спокојниот глас на ноќта му се обрати. Не се вознемири. Без суеверие се соочи со природата. Се работеше за миг, тој знае, беше многу кратко. Само ѕирна низ прозорецот, сето траеше толку, а неговата сонливо неизбистрена глава ги виде сите овие нешта.

И уште нешто виде. На кровот од гаражата поцрн од мракот се темнееше битуменот. Ветрот во своите раце подигна парче хартија, го донесе на кровот за во споредба со катранот да ја направи побела, таа за миг пак светна како искра, потем ветрето ја подигна, еднаш сигурно, еднаш несигурно, високо, високо кон небото додека не му исчезна од погледот. И тој тогаш помисли.

Мојата душа, мојата душа, еден ден и таа вака ќе летне. Мојата душа си рече, затворајќи го прозорецот, спуштајќи ја ролетната, мојата душа, си рече, легнувајќи на креветот, до неа, си рече, еден ден вака ќе одлета мојата душа.

Трајче КРСТЕВСКИ

# КОГА КЕ УМРЕШ, ОСТАВИ ГО БАЛКОНОТ ОТВОРЕН...

ДАЛЕКУ ОД ГРАНАДА И АНДАЛУЗИЈА, со илјадници километри далеку од Шпанија и со десетици години далеку од времето на Лорка, во срцето на Шумадија, во СР Србија и Југославија, стои врежана во музејскиот ѕид и пораката на овој великан на



поетската реч: „Кога ќе умреш, остави го балконот отворен..."

А тука и се умираше со балконот отворен, и се остануваше на балконот, гордо исправено, достоинствено... Поинаков и поголем триумф во поразот и не може да се замисли.

Крагуевац е денес повеќе од Герника, многу повеќе вистина отколку слика. И многу повеќе кренати раце и стиснати тупаници од било кој друг пример во светот: за победата на светот над фашизмот ја жртвуваше младоста на својот град, цутот од своите фиданки. Меѓу седумте илјади стрелани граѓани, триста беа ученици од градската гимназија. Триста младичи и девојки, со својот директор, беа заедно на последниот заеднички час во животот што остана зад нив, и во пораката што од таа гробница на младоста израсна кон светот.

А од тој последен час на таа младост, морничаво останува во нас пораките изнапишани на она што им беше најблиску до нив, со сè она што се можеше во тие моменти.

„Драги тато, мамо, поздрав за последен пат!", само толку успеа да напише Љубиша Јовановиќ, ученик од петти клас на месната реална гимназија.

Од музејскиот ѕид одблеснуваат пораките:

„Сестро, за денес не треба ништо. Утре донеси само еднаш за јадење, Здрав сум. Твој Богољуб".

„Тато, јас и Миша сме во топовските дупки. Донеси ни ручек, мене џемпер и некој ќилим. Донеси во теглички пекмез и чај. Тато, оди кај директорот, ако вреди..."

И така редум. Два реда, многу вистина, и толкупати по толку храброст; онаа младешка, онаа толку похрабра и повеличествена — токму кога исчезнува, затоа што најмалку го чини тоа.

Така триста пораки, а во сите нив само една желба — да се истрае, и да не се жали за својата младост, за неоджиеваните дни. Зашто нивните жртви, се само дел од големиот жртвеник во името на победата. Зашто, токму така, крај нивните пораки, на ѕидот, сега, стои испишан аманетот на младиот работник Новица Миловановиќ:

„Кажете им на другарите да се борат до победата. Јас гинам сам, но нека ги испотепаат тие кучиња. Да живее КПЈ!"

И не само поради ваквите и уште многу слични на нив пораки, младоста не можеше да биде поинаква. Зашто не беше во прашање генерација, туку генерации. Зашто гинеа и татко и син, и пак син и татко и дедо.

„Цвето, збогум! Чувај ги децата!"

Само толку успеа да напише Добривоје Милошевиќ.

Само толку малу, а сепак — толку многу! Зашто, само неколку сантиметри понастрана, како одблесок во тие крвави ракописи, извираат зборовите на работникот Стеван Вулета:

„Деца, одмаздете го татко ви!"

И како да се малку зборовите во овој единствен на светот музеј. Издупчени книшки, часовници како најдраг подарок добиен за одличните резултати, а сега како најголем аманет и спомен, крвави шамивчиња низ кои проструил куршум. И меѓу нив, најсуровиот одговор пред разјарените непријатели:

„Пукајте, јас го држам својот час!"

Овие зборови на директорот на гимназијата Лазар Пантелиќ и денес стојат на влезот од паркот крај Крагуевац. На влезот од историјата, како најголема потврда за нејзиното траење.

На Шумарици, на најбелиот балкон на светот, на најшироко отворениот балкон кон виделината.

Крај тие могили, секој октомври е уште побел и уште посветол: од недогледните колони на младоста што чекорат со безгрижна младост, од сите нив што со своите неми погледи им ја изразуваат својата доследност. И секој поглед е поцврст од мермерот на кој што се испишани пораките на човештвото.

За еден ден на умирања, за еден недогледен балкон во средината, тука, крај тебе, во околината, за една вистина — како најголема потврда за иднината.

С. Л.



ФИЛМ

# ДВОРНИК СО БЕЛА КОСА

## • Заврши снимањето на филмот »Хитлер од нашиот сокак«

**ДЕНОВИВЕ** во селото Глогања, во непосредна близина на Панчево, познатиот режисер Владимир Тадеј („Дружината на Петре цумката“ и „Жута“) го заврши снимањето на својот трет игран филм — „Хитлер од нашиот сокак“. Насловот на филмот сам по себе упатува на неговата



воена содржина, но само до оној момент кога филмот ќе почне да се „врти“ во кино-салите. „Хитлер од нашиот сокак“ е навистина воен филм, но во него воопшто не се пука!

Режисерот Тадеј не го крие задоволството по завршената работа. Напротив, во малку невообичаен стил, изјавува дека филмот, ако не се случи(ло) нешто непредвидено треба да претставува „извесен датум во југословенската кинематографија“.

— Идејата за овој филм се роди минатата година, во разговор со артистката Мира Бањац — вели Владимир Тадеј. Тогаш таа ми кажа дека Зоран Петровиќ, автор на неколку мошне успешни драмски текста, има интересно филмско сценарио. Навистина беше така. А за тоа дека ние успеавме со овој потфат, очекувам најдобра потврда од следниот ФЕСТ, каде што филмот треба да ја доживее својата премиерна изведба. Се разбира, ако дотогаш биде комплетно готов.

Главната улога во филмот ја толкува познатиот белградски театарски артист Никола Симиќ, кој доаѓа на филмскиот екран по пауза од петнаесетина години. Во филмот настапува и Ружица Сокиќ, како и редица наши помалку или повеќе познати артисти.

Сепак, сега за сега, најголем публицитет доживува Борис Дворник, кој во филмот го толкува ликот на еден средновечен банатски селанец. Всушност, тој е единствен филмски артист во многубројната екипа, а за тоа зошто Борис Дворник е главна „ѕвезда“ — не треба да се трошат многу зборови. Особено сега, кога на малите екрани го гледаме како Вице во серијата „Човек ипол“.

## ДВА-ТРИ ЗБОРА



■ Судбината на новиот филм на **Бранко Гапо „Тоа Радиовце“** по сценарио на писателот **Јован Павловски** станува се понеизвесна. Деновиве по втор пат е одбиена втората верзија на сценариото, и покрај тоа што истото своевремено беше наградено на конкурсот на „Вардар-филм“.



■ Во „Вардар-филм“ во Скопје тешко можат да се добијат детални информации за текот на работите околу завршувањето на работите врз **„Покој, рци, јад“** на **Кирил Ценевски**. Сепак, се дознава дека филмот речиси е готов, но неговото премиерно прикажување свесно се одлага. Се поупорно се пронесуваат гласови дека „Покој, рци, јад“ ќе конкурира на **канскиот фестивал.** Ако пропадне оваа комбинација, тогаш останува во „најлош случај“ со новиот филм на Кирил Ценевски да биде отворен идниот ФЕСТ во Белград.



■ Прославениот француски филмски артист **Жан Габен** — пропеа! Неодамна во Франција тој ја сними својата прва плоча на која се наоѓаат две шансони. Оваа мала „екскурзија“ Жан Габен инаку ја направи во чест на својот 70. роденден.

■ Минатата година, по повод 30-годишнината од смртта на легендарниот секретар на СКОЈ Иво Лола Рибар требаше да се одржи свечената премиера на филмот „Лола Рибар“. Меѓутоа, и до ден-денес не почнало снимањето на овој филм!? Според зборовите на одговорните од продуцентот „Теле-филм“ почетокот на снимањето се одлага поради недостиг на финансиски средства. Инаку, сценаристи на овој исклучително значаен филмски проект треба да бидат: **Владимир Дедиер, Дејан Ѓурковиќ, Федор Ханжековиќ, Примож Козак, Младен Ољача, Милоје Поповиќ, Вицко Распор и Иво Штивичиќ.**

СПОРТ

# БЛЕСКА

## Мухамед Али повторно светски шампион во бокс



**ОНА ШТО СЕ СЛУЧИ НА 30 ОКТОМВРИ** во раните утрински часови по југословенско време на стадионот „20 мај" во Кинша са ќе остане како незаборавен спектакл не само за 70.000 гледачи околу рингот, туку и за околу милијарда телевизиски гледачи ширум светот. Многумина и не зажалија што купија билет „под рака" плаќајќи и 250 долари, само да бидат живи сведоци на дивовската борба за титулата апсолутен светски шампион во бокс помеѓу дотогашниот светски првак Форман и Мухамед Али (Касиус Клеј).

Така во касата на организаторот се најдоа околу 20 милиони долари, додека за актерите на овој спектакуларен меч беше одделена сума од 10 милиони долари. Ваквиот голем приход беше остварен од продадените билети и затворените тв преноси од кои само во САД ги имаше околу 400 остварени во кино и театарски сали. А за директните тв преноси реализирани во 106 земји и да не зборуваме! Статистичарите забележале дека е соборен еден своевиден рекорд: додека првиот натпревар од светското првенство помеѓу Југославија и Бразил го следеле околу 800 милиони гледачи, мечот Али — Формен на малиот екран го гледале повеќе од милијарда гледачи!

### ■ ФОРМЕН — ТРАГИЧНА ФИГУРА

Секако не е на одмет да се присетиме на некои детали сврзани за актерите на незаборавниот меч во Киншаса. Џорџ Формен стана светски првак на 22

# ВО ВРАЌАЊЕ

јануари 1973 година во Кингстон на Јамајка победувајќи го со нокаут во втората рунда Џое Фрејзер. Формен уште двапати по овој меч ја бранеше титулата апсолутен светски првак и тоа против Џое Кинг Роман во Токио и во мечот со Кен Нортон во Каракас. Билансот на Формен е повеќе од одличен: 41 меч, 40 победи од кои 37 со нокаут и само еден пораз и тоа од... Мухамед Али!

За разлика од својот партнер Мухамед Али (Касиус Клеј) беше апсолутен светски првак од 1964 до 1967 година кога ја загуби титулата не на рингот, туку поради тоа што не сакаше да се бори во Виетнам како американски војник. Мухамед Али вкупно девет пати ја бранеше титулата апсолутен светски првак кога во 46 борби само двапати беше победен (во мечевите со Фрејзер и Нортон). Како што е познато првиот успех како аматер тој го постигна на Олимписките игри во Рим 1960 година кога во финалето го совлада тогаш познатиот полски боксер Пјатишковски со што го освои златниот медал.

Со ваков биланс двајцата црни џинови ги вкрстија ракавиците на рингот поставен на стадионот во Киншаса. Оваа средба требаше да се одржи уште пред повеќе од еден месец, но поради несреќната повреда на аркадата на Формен тој беше одложен. И кога сè беше в ред, кога се знаеше точниот датум на одржувањето на мечот рекламната машина на обајцата боксери почна да работи со полна пареа. Во Киншаса сè беше во знакот на мечот Формен — Али. На аеродромот гостите ги дочекуваа огромните паноа и големите плакати на кои беа втиснати ликовите на се голем број беџови со ликовите на Формен и Али. Во Киншаса во мода беа маичките со имињата или сликите на двајцата боксери.

### ■ НЕЗАБОРАВЕН СПЕКТАКЛ

Како што веќе рековме на почетокот, сè беше во исчекување на 30 октомври, денот кога требаше да се потврди или да се добие нов светски првак во бокс. Стадионот „20 мај" во Киншаса многу порано пред почетокот на мечот беше исполнет до последното место, а пред него околу 50.000 луѓе живееле со скриена надеж дека некако ќе дојде до билет за да станат дел од 70-те илјади поклоници на племенитата вештина.

Цели четири часа гледачите присуствуваа на специјалната програма што беше одржана по повод одржувањето на мечот за титулата апсолутен светски првак во бокс. А потоа на рингот се појавија актерите на најголемиот спектакл меѓу четирите јажиња: Џорџ Формен и Мухамед Али.

Од седумдесетилјади грла до пираа извиците Али... Формен. Секој навиваше за својот миленик. Се чинеше дека симпатизерите на Али беа побројни. Може би тоа беше и негова заслуга бидејќи Али освен како одличен боксер на гледачите им се претстави и како вонреден диригент што знае да ја распламти масата, просто да ја фанатизира...

Уште на почетокот на мечот се виде дека отсуството од рингот немало големо влијание на Али. Пред мечот демонстрираше богат репертоар на молневити движења на рацете и нозете што се сметаше за негово силно оружје. Формен го дочека почетокот на мечот спокоен, некако самоуверен дека не ќе има многу тешка работа со Али. Но, се излажа уште по првите рунди кога мислеше дека е супериорен, а всушност беше жртва на лукавата тактика на Али чија цел беше да го истошти противникот со борба одблизу парирајќи мошне вешто на секој негов напад. Така полека, но сигурно од Формен исчезнуваше енергијата така грижливо „набивана" со месеци. Беше жртва на сопственото темпо. Во осмата рунда се случи она што добрите познавачи на племенитата вештина очекуваа да се случи. Тогаш дојде до полн израз генијалната тактика на Али: со молневит напад го „откри" противникот давајќи и простор за дејство на својата десница. Таа и го испрати Формен на подот, за да биде „крунисан" новиот боксерски „крал"

Светот доби нов апсолутен светски шампион во бокс. Запра во тоа беше блескаво враќање на Касијус Клеј, односно Мухамед Али на боксерскиот Олимп.

„Јас сум најголем шампион во историјата на боксот — изјави Али по блескавата победа над Формен. Никогаш повеќе не ма да бидам победен. Ќе боксувам одново — но за 10 милиони долари.

А на Формен не му остануваше ништо друго по мечот освен да ја признае супериорноста на својот голем противник:

„Заслужено сум победен, ја загуб контролата на мечот по петата рунда. Згрешив што не ги послушав советите на својот тренер...

ПОП-ИДОЛИ

# Тина Тарнер или женскиот Мик Џегер



ТАА Е ЕДИНСТВЕНА. Иако делува предизвикувачки, сепак, сето она што го прави на сцената е трезно и вешто насочено кон целта публиката да ја доведе во состојба на „губење" глава. А кога тоа ќе се случи, во сознанието кое произлегува од температурата и воздишките на публиката, таа задоволно бега во сигурноста што и ја пружа Ајк — вели еден познат критичар на поп-музиката за поубавата половина од дуото АЈК И ТИНА ТАРНЕР.

Неа, популарно наречената динамит-дама, со искрени комплименти ја опсипува и покојната Џенис Џоплин, што е, мораме да признаеме, невообичаено за познатото естрадно себеславољубие:

— Тина е мојата пеачка. Во Тина го пронаоѓам она што ми недостига — велеше за неа Џенис.

Која е Тина? Што била пред да стане предмет на рефлекторските очи, убава, огнена, преполна со темпераментна сексуалност, со зарипнат глас што пластично ги обликува зборовите на секоја песна, исто како што нејзиниот слободно сошиен фустан повеќе го открива одошто покрива нејзиното тело? Која е Тина?

Ненадминатиот Ајк, по завршувањето на училиштето во Кларксдејл на Мисисипи, од најмали нозе вљубеник во клавирот, веднаш формира група „Кралеви на ритамот". Набргу стануваат познати во својата околина, и некаде во тоа време (1957) ја снимаат првата плоча „Рокот 88" за која добиле хонорар — 40 долари! Нешто подоцна Ајк свири со музичари од калибарот на Би Би Кинг, Холин Вулф, па полека станува познат како извонреден гитарист и клавирист. Најпосле доаѓа во Сент Луис каде под чудни околности ја сретнува Ани Ме Балок, симпатично осумнаестгодишно девојче, кое долго пеело аматерски во многу црквени хорови. Ани или идната Тина Тарнер родена е во ноември 1939 година во Браунсвил, Тенеси. Во средината на педесеттите години со сестра си се преселуваат во Сент Луис.

— Ги посетував клубовите во кои музицираше тогаш веќе легендарниот Ајк Тарнер — си спомнува Тина. Не знам колкупати го молев да ми овозможи настап, да отпеам барем една композиција, а тој ќе ми ветеше па ќе „заборавеше". Една ноќ Ајк седеше покрај оргулите, а тапанерот повикуваше доброволци од публиката да пеат. Ја понуди сестра ми да пее но таа одби, бидејќи е многу срамежлива. Приликата ја искористив. Го грабнав микрофонот и почнав да пеам. Ајк беше шокиран. Пеев целата вечер. Веднаш станав член на Ајковата група, а негова сопруга дури десет месеци подоцна".

Оттогаш наваму се редат безброј успеси. Со прекрасните Ајкети (вокално-балетска група) брачната двојка Ајк и Тина ја „палат" публиката долж и вшир Америка и Европа.

Деновиве ги видовме и во нашата земја. „Тарнер ревијата" доживеа овации и бура на воодушевување на настапите во Белград, Љубљана и Загреб.

## ПОП-ВРТЕЛЕШКА

# »ВЕЛВЕТ АНДЕРГРАУНД« — ПРЕД СЈАЈНА ИДНИНА



НА МНОГУМИНА ќе им се причини малу претенциозен овој наслов, бидејќи „Велвет андерграунд", во времето на своето најинтензивно отворање, поточно од 1967-69 година, не успеаја да сиобезбедат пат до поширок круг слушатели.

Дискографски оваа група значи: пет албуми и неколку „сингла", додека по преовладувачкиот став на „рок-критика" значи многу повеќе. Имено ако се бараат имиња кои со својата музика му претходеле на она што подоцна станало 'рбет на творештвото на цела музичка генерација, тоа се Чак Бери од шеесетите години и „Велвет андерграунд" од седумдесеттите.

Меѓутоа Чак Бери бил и сè уште е доста присутен и познат како изведувач, што не би можеле да се тврди за веќе легендарната њујоршка група „Велвет андерграунд". Но мора да се примети дека некои нејзини членови сè повеќе го свртуваат вниманието на музичката јавност. Тоа пред се: Лу Рид (на сликата) и Џон. Кејл, или како што ги нарекуваат „луѓе што доаѓаат". Некои можеби сметаат дека предводници на „декадентниот рок" се групите „Кинкс", „Стоунс" или „Ху". Сепак вистината е поинаква. Овие групи со сето она што го примиле од „Велвет андерграунд" само ја потврдуваат својата припадност на оваа насока во современата бит-музика.



### ■ ЏОНИ ВИНТЕР ВО ЕВРОПА

Еден од најдобрите блуз-музичари меѓу рок-музичарите и извонреден гитарист згора, Џони Винтер, деновиве пристигна во Европа. Овој Американец штотуку го заврши својот десетти албум, на кој е и песната „Рок енд рол пипл", која Џон Ленон ја напиша специјално за оваа прилика. Плочата ќе излезе во средината на месецов, додека макси-синглката со броевите од албумот веќе е во продажба во Англија. Таму е издадена како претходница на Винтеровото доаѓање во таа земја, прва која ја посетува во рамките на својата европска турнеја. Минатата недела приреди концерт во Лондон, а потоа со дваjца свои музичари (басистот Рејнди Хобс и тапанарот Ричард Хјугс) отиде за Париз.

Џони Винтер ќе одржи концерти и во Бремен, Минхен, Франкфурт и Копенхаген.

### ■ „КИНГ КРИМСОН" СЕ РАСПАДНА

Англиската група „Ниг Крисмон" основана е 1969. во Лондон, деновиве се распадна. Гитаристот Роберт Фрип го распушти составот и вели дека тој, како водач на групата, нема никакви намери никогаш повеќе да ја собере. Како причина на распаѓањето се наведува неговата желба да се посвети на нешто сосем спротивно — но сепак во доменот на музиката. Претставникот на групата „Кинг Кромсон" сепак изјави дека Фрип ќе се повлече од музичката сцена година-две.

Басистот и пеач Џон Ветон извесно време се наоѓа на турнеја со „Рокси Мјузик" и се претпоставува дека тој со таа група, во новонастанатите прилики, ќе остане подолго одошто планирал. Бил Бриффорд, тапанар на „Кинг Кримсон" за чија „љубов" навремено ја напушти групата „Јес" како и неговиот колега Јан Мек Доналд сè уште не се одлучиле каде ќе одат, додека дури сега се дознава дека пеачот Дејвид Крос го напуштил составот уште пред три месеци.

Речиси истовремено со распаѓањето на групата, на пазарот се појави нејзиниот последен албум „Рид", наскоро се очекува и негова презентација во живо, што ќе биде и последен собир на групата.

## АСТРОНОМИЈА

# Човекот и вселената

ВО НЕИЗМЕРНИОТ БРОЈ ѕвезди, несватливите временски растојанија и бескрајните далечини на кои ни укажува современата ѕвездена астрономија се кријат огромните богатства за секој оној кој има афинитет кон природата иако тој афинитет сосема е различен од она т. н. доживување на природата на земјата.

Радоста која го опфаќа современиот човек при набљудување на убавините на природата се состои во естетско уживање на живтните сили на Земјата, нивните облици и игри на боја. Меѓутоа, афинететот кон природата кој се раѓа на астрономска подлога е од друг вид: тука се бесконечните временски интервали наспроти кои исчезнува животот и тежнењето на секој човек, па и на целото човештво; кон бескрајните далечини на вселената према кои секоја Земјина големина е неспоредливо мала.

Тој вселенски афинитет кон природата не постои од вчера. Тоа денеска станува сè појасно дотолку се прошируваат нашите познавања за просторните и временските растојанија на вселената, како што е откривањето на милиони небески тела, човекот ја откри целата релативна безначајност на Земјата во вселената.

Тешко е и сериозно прашањето каква е положбата на човекот, ако го набљудуваме така да се рече однадвор, од аспектот на бесконечните простори и време; не може да се каже дека душата која е чувствителна на убавините на ѕвезденото небо, ги набљудува тие убавини во светлината на современото астрономско истражување може доста лесно да биде обземена од усетот на својата ништожност и со резигнација да го разгледува прашањето на важноста на човекот и неговата положба во вселената.

Кољо АСЕНОВ

# КРСТОСЛОВКА



**Хоризонтално:** 1. Таблети (пров.): 6. Литературни стилски фигури; 13 Староперсиски принцип на злото; 14. Вид именки, имиња на географски поими; 15. Воен отров; 16. Расквасена земја; 17. Не е тврда; 18. Една африканска престолнина; 19. Комичар, хуморист; 21. Странско машко име (Семјуел); 22. Азиска држава (Персија); 23. „Осамена" зграда; 25. Лична заменка; 26. Нота од солмизацијата; 27. Државичка на Арабискиот полуостров; 29. Најголемиот јапонски остров; 31. Кратенка за: аматерски тениски сојуз; 33. Цевка за спроведување на водата од покривот; 35. Река во Србија; 38. Политички раководител на партизанските единици; 41. Медицинска кратенка за: рак; 42. Хемиски знак за иридиум; 43. Татарски поглавар; 45. Мирисни дрвја; 47. Кратенка за: Полски завод автомобилов; 48. Белградско издавачко претпријатие; 49. Индиско божество; 50. Оригинално (скр.); 51. Крадец (пров.); 52. Често име за стоковните куќи; 53. Името на македонскиот енигмат Прилепчански; 54. Калинка; 55. Јадење од компири; 56. Аминопропионска киселина 57. Ориентално ноќевалиште; 58. Автомобилски знак за Панчево; 59. Регула, одредба; 61. Критички хумор; 64. Норвешко машко име; 65. Англиска благородничка титула; 68. Хемиски елемент со голема специфична тежина; 70. Грција (оригинален назив); 72. Француска лична заменка; 73. Класичен нокаут (скр.); 75. Широка улица со дрворед, алеја; 77. Името на советскиот композитор Хачатуријан; 79. Кратенка за две телевизиски куќи во земјата; 81. Извик на нетрпение (тур.); 82. Фудбалер на „Куманово"; 83. Цел; 85. Името на италијанската артистка Миранда; 86. Дел од моторот; 90. Марка на паста за заби; 91. Основен учебник на исламот.

**Вертикално:** 1. Вид палма; 2. Крвожедна риба; 3. Наш термин за Хомер; 4. Една електро — техничка мерка; 5. Река во Австрија, притока на Дунав; 6. Вештачка свила; 7. Лак, материјал за политура; 8. Иницијали на поранешен репрезентативен голман; 9. Името на пеачот Џонс; 10. Муслиманско машко име; 11. Ливче на спортската прогноза; 12. Муслимански свештеници; 13. Направа, апаратура; 15. Нежна, романтична врска; 16. Колец, стап; 19. Геометриско тело; 20. Ненормално мало суштество (мн.); 23. Хемиски елемент, неопходен во електрониката; 24. Утрински атмосферски талог; 28. Градинарски производ, патлиџан; 30 Предлог; 32. Математичка функција со одредена вредност; 34. Популарен лик од цртаните филмови; 36. Отвор за очите на средновековни оклопи; 37 Француски писател (Луј); 39. Место во Далмација; 40. Најпопуларен италијански фудбалер (Ѓиѓи); 43. Чувар на крупна стока; 44. Збир од земјописни карти (мн.); 46. Сврзник; 47. Резултат од производството, земјоделската реколта; 49. Марка на транзистори; 50. Драг камен; 52. Хемиски знак за никел; 53. Една овошка; 55. Дубли, двојки; 56. Голем рид кај Белград; 58. Направа за сечење; 60. Дрворед, површина засадена со цвеќе и зеленило; 62. Територијална одбрана (скр..); 63. Место во Јужна Италија; 66. Старојудејски пророк; 67. Холивудска артистка (Ли); 69. Најбогатиот бродосопственик (Аристотелес); 71. Ден во неделата; 73. Мажјак на свињата; 74. Ветво, остарено; 76. Глина, ума; 78. Името на шпанскиот артист Новаро; 80. Седиште, столица; 82. Општинско подрачје; 84. Тип ситроенов автомобил; 86. Троцифрен број; 88. Оригинална кратенка за: Обединети нации; 89. Иницијали на американска забавна пеачка.

# ДА СЕ ЗАПОЗНАЕМЕ

Васо МАРКОВСКИ од Кавадарци има желба да се допишува со другарки и другари од нашата земја. Тој има 17 години, а можете да му се јавите на адреса на неговото училиште ЕМУ „К. Спанџов — Брко" IIIа клас.

Среќен сум што сум читател на „Млад борец", вели Богатин Спасевски од Македонска Каменица и додава дека ќе биде уште посреќен ако ја објавиме неговата адреса и ако му се јави некој непознат другар или другарка од било кој крај на нашава земја. Пишете му на адреса Богатин СПАСЕВСКИ, ЕМУЦ „Тошо Викентиев" — Кочани.

Јасминка ВАСИЛЕВСКА од Куманово има желба да се допишува со другари и другарки од разни краишта на нашата земја. Ученичка е во VIII одделение во „Толи Зордумис" — Куманово.

Прилепчанката Антика АНГЕЛЕСКА е наша редовна читателка и нè замоли да ја објавиме нејзината адреса. Таа сака да се запознае со другари и другарки од цела Југославија. Ќе одговори на секое добиено писмо ако и пишете на адреса на нејзиното училиште за трговци во Прилеп, Iе клас.

Голем љубител сум на забавната музика. Ги обожувам Кико, Бруи, Локин. Го сакам и спортот — навивам верно за Хајдук и Партизан. Имам 15 години и би сакала да се допишувам со другари и другарки од нашата земја: Лилјана НИКОЛОСКА, ул. Партизанска 27а Крушево.

Уште една Лилјана, овојпат Ристова од Титов Велес сака да се допишува, обично со другари и другарки од 16-18 годишна возраст. Таа е од Делчево, а учи и живее во Хемискиот интернат во Т. Велес. Пишете и, а ако сте фотогенични испратете и фотографија.

## МОДЕЛИТЕ НА ПЈЕР КАРДЕН – ОД ДРУГ АГОЛ





ЦРТЕЖИ: ЈАШАР АГА

ФАБРИКАТА ЗА ДЕКОРАТИВНИ ТКАЕНИНИ »КАРПОШ« – КРИВА ПАЛАНКА ПРОИЗВЕДУВА: мебел штоф, гоблен, епингле, мокет, плиш и завеси во сите бои и дезени

